**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јули 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и третата седница на Собранието.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски, Лилјана Ивановска, Благој Голомеев, Ристана Лалчевска, Ванчо Ѓорѓиев, Славица Станковска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Ѓеорѓиевски, Ѓорѓи Трендафилов, Али Ахмети, Хусеинџевад Хусеини, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Досега се потпишани 47 пратеници, значи толку се дојдени до сега.

Продолжуваме со работа во 11,30 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

**Застанавме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 6 за, 2 воздржани, 49 против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Прдлагач Владата на Република Македонија. Претставник Министерството за правда.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда Мери Младеновска-Георгиевска.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата на Република Македонија за денешната собраниска седница ви предлага закон зо кој ќе се направат изменувања и дополнувања на Законот за Владата на Република Македонија. Поаѓајки од уставната одредба на членот 89 став 6 според кој организацијата и начинот на работа на Владата се уредуваат со закон. Во 2000 година се донесе Закон за Владата на Република Македонија со кој се уредија прашања што се однесуваат на работата и функционирањето на Владата како највисок орган на извршната власт. Во 2003 година следуваа измени на овој закон во делот на преодните и завршни одредби кои беа од организационен карактер во врска со Секретаријатот за законодавство како самостојна стручна служба на Владата. По својата функција Владата е орган кој се грижи за извршување на законите донесени од ова Собрание како и за други видови прописи и е одговорна за нивно извршување. Се разбира дека оваа надлежност е прва и основна од која што извираат другите надлежности на Владата. Поаѓајки од оперативноста на Владата потребно е таа сама да ги уреди органите и телата што ќе и помагаат во нејзиното успешно функционирање. Токму во оваа насока се измените и дополнувањата што се предлагаат со овој закон што е предмет на денешниот дневен ред во ова Собрание.

Две клучни работи се предлага да се изменат, а тоа е положбата, статусот на Генералниот секретаријат како стручна служба кој досега функционираше врз основа на одлука донесена од Владата, а сега се предлага статусот и надлежноста да се утврдат во законот.

Во однос на предлогот Секторот за европски прашања да прерасне во самостојна стручна служба на Владата, мислам дека не треба посебно образложение, ако се има во вид дека како Секретаријатот за европски прашања ќе овозможи поголема координација и континуитет во однос на нашата европска интеграција и обединување на едно место од сите ресори прашањата поврзани со евроинтеграција на Република Македонија да бидат координирани. Во прилог на предложените измени и дополнувања се и мислењата на експертите од Проектот за реформа на јавна администрација кој изминативе години престојува и сеуште престојуваат во Република Македонија и кои ни помагаат во реформскиот процес кој се однесува на јавната администрација. За причините за овие измени и дополнувања како и целите што треба да се постигнат со нив детално е образложено во Предлогот на законот, односно во образложеницето и причините за донесување на истиот. Заради тоа што не се во прашање сложени предлози за измени и дополнувања, Владата предлага на истата седница да се претресе и Предлогот на закон. Очекувајќи ја вашата поддршка, ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници, стана манир на оваа Влада кога се предлагаат некои закони во образложението наместо аргументи ни се посочуваат политички фоскули дека тоа се прави заради усогласување со европската пракса, дека тоа произлегува како некоја наша задача и тн. Меѓутоа, во конкретниот случај се поставува прашањето за организацијата на Владата. И колку што мене ми е познато овој предлог генералниот секретар и службата околу него да прерасне во секретаријат беше еден од концептите кои поранешните влади ги предлагаа. Меѓутоа, од Светската банка имаше негативно мислење. Имено, за што се работи? Секоја администрација по принципот на таканаречен Паркинсонов закон има тенденција да се шири, да ја оправда својата улога и позиција. Ако го прочитате членот 40-а,ќе видите до какви волонтаристички задачи се даваат на тој секретаријат. Тука стои дека тој ги координирал со министерствата и посебно ќе се ангажирал за спроведување на Рамковниот договор. Замислете, во законска форма ние ставаме нешто што е политика. Јас се прашувам, зошто на пример овде не стои дека ќе се залага за спроведување на протоколот од КИЈОТО, да речеме и тоа е едно многу важно прашање за Република Македонија. Ова нема правна форма, не е добра правната форма. Мислам дека Владата има еден проблем кој треба да си го реши, а тоа не може да го реши со внатрешните релации, или нетрпенија, или недоразбирања кои ги имаат, заради тоа што во следниот член овде се предлага Секторот за европски прашања да премине во секретаријат и да го води задолжен министер во Владата на Република Македонија. Во овој момент тоа го води госпоѓица Шекеринска во функција на заменик на претседателот на Владата. Ваквото решение Секторот да спадне на секретаријат и да го води министер, тоа е исто како генерал да води чета. На тоа ниво го спуштаме. Јас разбирам дека за Владата ќе беше продуктивно ако сеуште имаше дилеми како институционално да го надградува делот за европските интеграции во Владата. Имаат различни искуства некои земји кандидатки за членство во ЕУ уште во таа фаза го развиваа преку посебно министерство, а некои се определија кои беа исто така многу успешни како на пример Словенија токму за овој модел, модел на сектор. Бидејќи основниот концепт е министерствата да бидат промотори и носители на хармонизацијата и прилагодувањето на законодавството и имплементацијата на законите во ЕУ. На овој начин се врши една дерогација во системот на институтите на Владата и мислам дека само од некои прагматични причини тоа се прави, нема рационално објаснување зошто администрацијата треба , зошто треба да се администрира со процесот на европската интеграција, а не тој да биде во функција на координирање помеѓу владините министерства, секторите, управите и тн. Значи, еден недоследен концепт овде ни се предлага, навидум вака бенигно, ништо значајно во функција на "европската интеграција". Но, мислам дека тоа е само уште едно залажување и ширење на администрацијата, создавање на помали центри на моќ околу кабинетот на премиерот, се со цел да не се оствари, со ова ќе биде, да речам, зафатен и концептот на реформите на администрацијата, бидејќи веќе повеќе од две, три години тече Проектот, со помош на Британската влада. Така што мислам дека овој е лош избран концепт и треба да не биде изгласан на оваа седница на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитувани пратеници, суштината на овој Предлог за измени и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија се состои во тоа што Владата, односно Секторот за евроинтеграции предлага со овој закон тој сектор да прерасне од сектор во секретаријат на Владата. Како што е и напишано во самото образложение на овој закон, овој Сектор во моментов според Владата и според самиот Сектор претставува тесна рамка за остварување на неговата функција за поддршка на Владата и сите процеси кои се насочени кон побрзо евроинтегрирање на Република Македонија. Значим, тоа е напишано во самото образложение.

Моето лично размислување како пратеник, но и не само лично во неофицијални разговори со еден поголем број на пратеници од мојата пратеничка група сме на мислење дека е добро наместо секретаријат, сепак да се оди чекор понатаму и да се размисли, Владата да размисли да формира министерство за евроинтеграции. Ова од причини како што е и наведено и претходно кажав во самото образложение дека самиот сектор претставува една тесна рамка за остварување на својата функција, но и затоа што во овој миг и во оваа фаза од процесот на евроинтегрирање на Република Македонија сметам дека е потребно според моето размислување да се даде една поголема тежина, поголема сериозност и дека на Република Македонија со тоа ќе и се зајакне позицијата во овој процес. Проектот е заеднички. Република Македонија во ЕУ има заедничко значење за сите политички партии без разлика на дневната политика. И затоа сметам дека значењето е дотолку поголемо што во овој момент поготово за вакви крупни стратешки прашања кои се однесуваат на иднината на сите граѓани на Република Македонија и нејзината позиција и побрзото евроинтегрирање треба да се даде дополнителен квалитет во оваа сфера. И затоа сметам дека со формирањето на министерство подобро, поквалитетно, поефикасно ќе се извршуваат овие задачи на Владата. Сметам дека во овој момент на сите политички партии без разлика на нивната политика ни е потребно едно поцврсто обединување бидејќи

Проектот "Македонија во ЕУ" е долгорочен проект кој успешно го спроведуваме досега и се надевам дека  и понатаму така ќе биде според она што е најавено од Владата и што е зацртано и дека работите се одвиваат во добар правец. Меѓутоа, со ваквиот потег ние  би демонстрирале пред ЕУ еден висок степен на одлучност, на единство што е најбитно помеѓу сите политички партии во Република Македонија без оглед на нивните партиски интереси и навистина  во однос на оваа работа ни треба искрено обединување на политичката сцена во Република Македонија за да покажеме дека сме способни за прашања кои значат подеднакво за сите, затоа што евроинтеграцијата не е проект, ниту пак зависи само од една влада и тоа без разлика кој се наоѓа во моментот на власт, а кој во опозиција. Сметам дека Владата треба да размисли за ваквата идеја, затоа што во спротивно ;можеме да се доведеме во ситуација со нецелосни, или половични мерки само дополнително да се бирократизираме, да се комплицираме и да ги заплеткуваме односите во државната администрација. Во поткрепа на она што претходно го говорев за обединувањето, без разлика на партиската припадност, без разлика на етничката припадност, бидејќи 99% сите имаме иста цел и без разлика на тоа кој во моментот е на власт, кој е опозиција. И со оглед на околностите дека ова не е проект само на една Влада, сметам дека дополнително доколку се одлучи за еден ваков чекор Владата треба да размисли, ако се формира евентуално министерство, евентуално да се размисли тоа да биде понудено дури и на претставници на опозицијата, затоа што ние работиме за иста цел, заедничка цел и за ова прашање ни треба висок степен на единство и заедничко работење. Тоа се моите аргументи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:**  Благодарам.

Господине Макрадули, имате збор.

**Јани Макрадули:**  Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, јас ќе зборувам во прилог на предлогот на Владата и ќе го подржам предлогот на Владата, бидејќи, како што и претходниот пратеник кажа, постигнати се доста резултати во делот на напредокот на приближувањето кон ЕУ и тој процес треба да проложи понатаму.

Организационата поставеност на процесот на европското интегрирање за што и господинот Крстевски зборуваше е различен и сите искуства на 10-те нови членки, како и сегашните нови четири членки се различни и во основа се разликуваат два модели што го дефинираат процесот на поставеноста на европското интегрирање. Тоа е моделот на зајакната координативна улога и линеарниот модел. Моделот на зајакната координативна улога, нема да отидам предалеку да ги кажувам примерите, ќе ги кажам само примерите од сосетството, моделот на зајакната координативна улога е поставување на централно тело за управување со процесот при врвот на извршната власт и тој пример го има Словенија, како што беше кажано  и го има Романија. Додека линеарниот модел, односно востановување на тело за управување со процесот, во рамките на извршната власт, т.е. позиционирање на ниво на министерство го имаат Хрватска и Бугарија. При што министерката во Бугарија е одговорна и води едно интерминистерско тело што можевме овде, на презентацијата во Скопје да го видиме.

Искуствата од функционирањето на двата модели се различни. Истото може да се каже и за аргументите за и против прифаќање на еден од нив и негова примена во Република Македонија.

Клучно прашање кој од двата модели во однапред дадени национални специфики ќе биде поефикасен и ќе доведе до побрзо остварување на крајната цел. Резултатите што Република Македонија ги постигна на планот на интеграција во ЕУ, т.е. извесното скорешно стекнување со статусот кандидат за членка говорат доволново прилог на оправданоста на направениот избор на моделот на зајакната кординативна улога.

Мислам дека почетокот на одговарањето на прашалникот од Европската унија беше проследен со доста скептицизам и критики од одредени политички партии. Не се веруваше во луѓето и во широкиот опфат на околу 3 илјади луѓе од администрацијата кои учествуваа во целиот тој процес. За сдреќа, се заборавија и партиските бои и квалитетот и оданоста кон работата и кон Република Македонија победи, преовлада и сите луѓе кои се вклучија во одговорите на Прашалникот имаа за цел наше брзо одговарање, исполнување на роковите и со тоа докажувае на способноста и кадарноста да бидеме поблиску до ЕУ. Таквите резултати и позитивните коментари што дојдоа го оправдаа изборот што Владата на Република Македонија порано го дефинира како сектор што ќе има зајакната централна улога во координирањето на активностите.

Во контекст на претходното, мислам дека не е кој модел да го избереме дилемата, туку како да го унапредиме постојниот? Тоа преовлада и во размислувањата на Владата, па затоа има таков предлог. Во тие рамки, целосна наша подршка треба да истакнеме и заслужуваат активностите на вработените во Секторот за Европска интеграција на луѓето вклучени во другите министерства и државни институции што учествуваа во одговорите на Прашалникот, да не кажам да не испадне дека само тоа е дел од активностите, но мораме да го потенцираме и да ја изразиме нашата почит кон praместување на повисоко ниво на псотавеност во рамките на организацијата на извршната власт, т.е. онака како што предлага Владата, прераснување во секретаријат при Владата. Со тоа, покрај дефакто оперативната, ќе се заокружи и административната самостојност на централното тело, што несомнено ќе придонесе кон дополнително динамизирање на процесот на пристапување кон ЕУ.

Благодарам, јас реков ќе го подржам овој предлог на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Макрадули.

Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе.

Почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Имаме еден недоволно јасен проект овде што ни е даден и добро би било навистина да направиме напор да разјасниме што се бара со овој предлог. Ние, пратениците овде од опозицијата, верувам и најголем дел од мнозинството не ја имаат предноста што овде ја кажа господинот Макрадули, па да знаат што се се зборувало во Владата. Ние тоа не го знаеме. Треба нам овде да ни се објасни од некого од Владата и добро да ни го каже.

Господинот Макрадули се обиде да каже, но нешто може и не слушнал, дали слушнал се што се зборува во Владата, па може нешто и не ни кажал. Во секој случај, зборувајќи за моделите, тоа е позната работа. Тој повтори некои работи што се познати и овде очигледно станува збор за некој трет модел. Ниту за првиот, ниту за вториот.

Се прашувам што ја натерало Владата вака да реагира со получекор, со некои недефинирани решења, непознати засега во практиката на земјите што ја минале нашата патека што ние сега сакаме да ја минеме? Се насетува, не сум слушнал, ама насетувам дека во Владата не може да се оствари потребен степен на координација на разните државни органи. Тоа нема да биде и не е само наша појава.

Нам, еве некои пријатели од странство кога ќе дојдат овде, а и кога од таму ни јавуваат, ни кажуваат дека им се случува да имаат свои обраќања до некои од органите, овде на македонската администрација, а не добиваат одговори или многу задоцнето ги добиваат, заради тоа што нема флуктуација на бараните информации, нема нужен степен на соработка на органите и нема систем на добра соработка. Тоа го решавале и другите. Се соочувале со тоа државите и го решавале на овие два начини. Или создавајќи сектор што ќе биде воден од висок владин функционер, некаде беше тоа министер без ресор, некаде беше потпретседател на Влада, зависи од тоа кој сака тоа да го направи. Која земја како се определила, каква личност има на тие мсета.

Ние го имаме тоа решение, но очигледно, тоа не функционира кај нас. Не може да се оствари доволна координација. Сигурен сум дека причините не лежат во тоа кое решение ќе го имаме, дали координативно тело, како што е сега Сектор или ќе е министерство за интеграција. И министерство за интеграција и Секторот не можат да ја извршат својата функција ако нима дисциплинирана соработка од сите ресори. Затоа што прилагодувањето, хармонизацијата на законодавството, а и тековните чекори што треба да се преземаат во нашето чекорење кон ЕУ е многу сложена работа и бара разбирање, некои јадра во секое од тие министерства, што ќе имаат надлежност да го изложуваат ставот на министерството и брзо да биде достапен на Секторот каде што се координираат работите.

Ако ваква дисциплина и организација внатре, во секое министерство немаме, ние ќе имаме непокриени сектори, непокриени ресори во соработката со ЕУ и не ќе можеме да ги постигнеме целите, без оглед како ќе го викаме тоа, секретаријат ли ќе биде, Сектор како што е сега. Јас мислам дека сега е сосема добро кога би имало соработката меѓу ресорите кај нас, во Секторот и со Секторот. Дури и министерство да го наречеме, ако така ни останат цоцтојбите во ресорите нема да постигнеме никаква цел.Само тогаш ке ја зголемиме администрацијата иќе се однесуваме како онаа команда во времето на Втората светска војна во Бурма која некој угледен човек го именувала за шеф на непостоечки сектор, па тој да си најде работа избрал двајца помошници на кои им рекол да си изберат по двајца помошници и тн.,тоа е тој Партинсон славен, тоа е неговиот закон и создал цела една болумента надлежни луѓе кои немале што да работат, бидејќи немал ни тој што да работи.

Затоа треба да бидеме многу внимателни и мислам дека маката што ја тера Владата на ваков чекор.Уште повидливо е кај другото решение,каде секретарот треба да прерасне во секретаријат,Генералниот секретар на Владата сега ќе биде генерален секретаријат.

Видете, таму очигледно нешто не оди добро во толкувањата на решенијата што сме ги донеле врз основа на Рамковниот договор.Сега ние да правиме државно тело закоординациај во спроведувањето на Рамковниот договор, откако ги донесовме сите закони и амандманите, па лугето ќе се прашаат што е сега таа работе? Ќе важи ли тоа се што е донесено или ќе се враќаме сега на Рамковниот договор па тоа тело по Рамковниот договор ке ни кажува како да ги спроведуваме законите?Тоа е сосема обратна работа.

Држењето до Рамковниот договор во практиката е држење до законите што сме ги донеле до Уставот и оние закони што ќе ги донесеме, ако уште некој фали. Тука политички е одговорен премиерот. Не може тој да го тргне товарот на одговорност на било кој чивновник, на било кој функционер. Инаку, ќе направиме паралелизам. Е, тие изгледа несовладливи политички разлики внатре во Владста и по повод и во врска со спроведувањето на Рамковниот договор и во врска со интеграциите, тоа е постоење на сериозни разидувања или недисциплина во работењето на државните органи и владините функционери. Некој мисли дека со вако провизориум може да ги надмине.

Не. Прашањето е чисто политичко. Ако имаме ние свест дека се наоѓаме во една фаза на озаконување на нашите обврски према светот и

внатре, треба да видиме кој е политичкиот проблем што тоа што сме го создале како закон и организација не функционира. Тоа треба да се види. Дали имаат сосема различни цели коалиционите партнери и дали имаат сосема различни цели и сваќања на своите улоги поедините ресори и раководители на ресорите во министерствата, во Владата?

Сега што излегува? Јас. Колку што знам, со внатрешната организација на Владата , политички беше одговорен господинот Муса Џафери за спроведување на Рамковниот договор. Сега, дали ќе го правиме генерален секретар на секретаријатот или му го одземаме ова, кои се околности за недоверба кон него, што станува со сета таа работа, се се тоа политички прашања. Јас можам да разберам, можеби господинот Џафери не е компетентен за таа работа, можеби самиот сака да си оди или сака биде амбасадор, па ќе го нема овде. Ама, тие работи е една работа, а друга работа е што ние сме донеле закони и сега сите се должни да работат да се спроведуваат.

Ако генерален секретар на генералниот секретаријат на кого ќе оставиме грижа за спроведување на Рамковниот договор, а не се спроведат законите од ресорите и од сите власти што се во Македонија, со кој углед тој генерални секретар на генералниот секретаријат, на не знам уште кому ќе мое да се обрати, на оној на кого неможе да каже ништо ниту претседателот на Владата, ниту Парламентот, ниту да речеме Уставниот суд итн. Се кај нас е направено во таа област.

Да престанеме да ги поткопуваме работите што вчера сме ги направиле. Па затоа, ние, вака како што е , мислиме дека е оваа матна работа, нејасен концепт, концепт што побудува сомневање во можноста на овој начин било што да се реши. Затоа ние нема да гласаме за ова. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули повелете, имате реплика, три минути.

**Јани Макрадули:** Сега навистина не знам господинот Андов дали реплицираше во однос на оваа дискусија или уште го држи репликата кога дискутиравме за Законот за употреба на симболите, затоа што гледам потоа и на прес конференција со претставниците од Либералната асоцијација од Европа десет пати го повтори дека ЛП сака да оди во Европа и да ја однесе Македонија во Европа, ама не можеме со сомничавост кон нашата администрација на Владата на Република Македонија, тоа е исто една од активностите што треба ние како пратеници подршка да им даваме, во целиот овој процес што го даваат и тоа е една од активностите како се оди или се дава подршка на патот кон ЕУ.

И повторно не разбравме кој е тој концепт за кој што ЛП се залага. Дали е концептот што преовладува во Европа, на заеднички зајакната улога или на осамениот пример во Хрватска кој што го напушта полека тој концепт и таа сака отиде на некоја зајакната улога.

Тала, сите граѓани во Република Македонија ќе знаат кој за што се залага и кои активности ги подржува, а не само пред странците да зборуваме дека сме во Европа, а тука во Парламентот да напаѓаме се живо и диво што ќе дојде од Владата и плус да ги напаѓаме вредните работници вработени во државната администрација кои, покрај другите активности во сите рокови ги завршија своите активности предвидени со одговорите на Прашалникот што им беше даден од Владата на Република Македонија. На тој начин се гради свеста и на тој начин се гради единството во Република Македонија и такак полесно се стигнува во Европа. А не со едни приказни за во Собрание, со други приказни пред странците, на ПРЕС конференции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Андов.

**Стојан Андов:** Се разбира јас нигден не сум рекол дека ЛП сака да оди во Европа. Таа е во Европа. Таа е редовна членка, единствена членка на Европска партија, на Алијансата на либерали и демократи на Европа.

Меѓутоа, што не можам да му помогнам јас ништо на господинот Макрадули оти во ЕУ не влегуваат партии и што тој само се турка да не дадат други партии да влезат, туку неговата да влезе, јанлаш е. Партиското организирање во Европа е една работа, зачленувањето на државите е сосема друга работа. И убаво јас кажав дека преовладува елементот на кординација. Кај нас е организационо поставен. Сега се руши. Се прави државен орган. Во тоа е работата. Ако не ги разбирате и не правите разлика што е државн орган, што е координација, тоа е негов проблем. Но, тука помош од мене нема.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ве молам, без дофрлање од страна можете збор.

Господине Томиќ, имате збор.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господо колеги и колешки,

Пред нас доаѓа уште еден, морам да го истакна тоа, Предлог на закон, изработен од Владата на Република Македонија или поточно од Министерстово за правда. И, по кој знае кој пат, навистина нема да ги штедам комплиментите за овој Предлог на закон, а ќе кажам и зошто.

Причините се многу едноставни. Бидејќи законот е краток, концизен и јасен и се состои само од два дела, едниот дел е генерален секретаријат, а тоа е причината за стручно, квалитетно извршување на сите оние обврски што значат помагање од претседателот, преку замениците, преку министрите и сите останати членови на Владата и мислам дека тоа е навистина еден квалитетен исчекор, ако не повеќе, се оди во насоката што навистина работат стручни луѓе кои ќе бидат во чекор со времето, бидејќи знаеме дека 21 век е

век на информациите, на сите оние подготовки и од овој аспект јас сум оптимист. Оптимист, не поради моите години што ги имам, туку сум оптимист поради самиот концепт што се предлага со овој закон.

Втора работа се предлага, тоа е битна новина, во Законот за Владата, Секретаријат за Европски прашања. Можеби мојата почитувана колешка Цветанка Иванова требаше да го искаже на Законодавно-правната комисија, бидејќи до сега се поминати над 500-тини закони самите ние членови на таа Комисија знаеме што значи нашите закони да бидат харомизирани со законите на Европското законодавство. Верувајте и ние сами наидуваме на проблем, на еден практичен проблем. Ние се случуваат состојби, ситуации, тоа го знае и министерката и другите членови на Владата дека одделни одредби,бидејќи ние правиме, во рамките на нашите скромни можности, компаративни споредби, ни се случува да доаѓаме во колизија што е по исправно, што е позаконито и дали е точно.

Со донесувањето односно со обезбедувањето и организирањето, мислам дека е најсоодветен термин, на Секретаријатот за Европски прашања, сметам дека и на Парламентот не само на Владата во многу ќе ни се подобри ваквата работа, ваквата координација, ваквата хармонизација, ако сакате. До сега имаше низа примери каде нашите закони кои овој Парламент и позицијата и опозицијата ги изгласа оценети се со пофални зборови од страна на ЕУ. Меѓутоа, тоа не треба ниту да не залаже, ниту да не с тави во подредена состојба дека добро работиме. Напротив, мислам дека треба да биде исчекор за сите нас во Парламентот да носиме уште подобри закони. Знаеме дека главен носител, двигател, предлагач, ако сакате, е генерално Владата на Република Македонија. Посебно во тој дел. Од нас има максимална поддршка, а мислам дека и од опозицијата имаат поддршка во тој дел навистина да носиме Европски закони.

Токму од тој аспект го поддржувам овој Предлог на закон затоа штомислам дека со формирањето на Секретаријатот ќе се направи една стручна служба.

Беше истакнато во поглед на координацијата, далеку од умот е помислата дека овој секретаријат ќе ги координира и знае за сите работи по одделни министерства. Но, доколу не постои вакво тело ние сме хендикепирани токму во тој дел, во системот на координацијата за усогласеност со законите на Европската унија.

Од тие причини навистина има потреба од носење на овој закон, повторувам, ја има мојата целосна поддршка.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

(Реакција од страна на пратеникот Крстевски).

Господине Крстевски вие се вклучивте, па исклучивте. Требаше да се вклучите и да останете вклучен, едно време се исклучивте.

(Пратеникот кажува дека кренал рака да се пријави за реплика).

Тоа сум го направил кога има повеќе пријавени за реплика, па сакам да знам кои се и кога се пријавени за зборување.

Го заклучив претресот, а можете вака да се објасните во ходник, во Клубот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, има втор дел, има по текстот на законот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 52 гласале за, 1 воздржан, 5 против.

Нека се утврди бројот на присутните, без четворица што влегоа подоцна.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во време на гласањето во салата беа присутни 66 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 55 за, нема воздржани, тројца против, во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 51 гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во време на гласањето беа присутни 68 пратенка.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

**Минуваме на точката 15.- Предлагач Владата на Република Македонија, претставник Министерството за правда.**

**- Предлог за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители.**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Законот чие донесување се предлага има за цел да ја уреди нормативно- правната рамка за востановување на институција за обука на судии и јавни обвинители и да ги дефинира модалитетите на иницијалната и континуираната обука на судиите и јавните обвинители.

Во текот на изготвување на овој закон кој има голема улога и значење во крупните реформи што се однесуваат на правосудството, беа разгледани искуствата од повеќе држави. Како најсоодветен модел беше прифатен начинот на селекција и обука на судии што се применува во Франција, а во текстот на законот се вградени сите стандарди предвидени во Меѓународните документи од областа на правосудството.

Меѓу повеќето идентификувани слабости и на правосудниот систем кај нас се споменува и непостоењето на систем на континуирана едукација на судиите, јавните обвинители и останатиот кадар вработен во судството и јавното обвинителство, што има директно влијание врз стручното и професионалното вршење на судиската и јавно-обвинителската функција. За таа цел, во рамките на реформата посебно внимание е посветено на јакнење на независноста на судството, редефинирање на статусот на судиите и јавните обвинители, вклучувајќи ги постапките за нивна селекција и избор, како и системот на нивната едукација.

Заради обезбедување претпоставки за стручно, совесно и независно вршење на судиската функција потребно е основање на институција за обука на судии и јавни обвинители чија што основна функција ќе биде спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и јавните обвинители и организирање на континуирана обука.

За донесување на Законот и за формирањето на институцијата за едукација, всушност со донесувањето на Законот и формирањето на институцијата за едукација ќе се овозможи зголемување на професионалноста на судиите и јавните обвинители.

Основна цел на Академијата е да обезбеди компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судиската и јавно-обвинителската функција преку селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и јавни обвинители и нивното постојано усовршување.

Во овој Предлог наведени се одредби кои се однесуваат на самата структура на законскиот текст иако ова не е задолжителна обврска во првата фаза, сепак би спомнала некои предлози, што ги даваме во овој предлог за донесување иако во втора фаза кога ќе биде доставен законот на разгледување пред Собранието, ќе ги имаме предвид сите забелешки, сугестии, од Комисиите и од денешната седница.

Во Предлогот се пропишани одредби кои се однесеуваат на органот на управување на Академијата, тоа е Управниот одбор, додека орган на раководење е директорот на Академијата.

Управниот одбор го сочинуваат 11 члена претставници на органите и институциите одговорни за судии и обвинители.

Мандатот на членовите на Управниот одбор, освен членовите по функција, е четири години со право уште еднаш да бидат именувани.

Во законот се дефинирани условите под кои на членовите им престанува мандатот во Управниот одбор и начинот на одлучување на Управниот одбор, одредби за претседател на Управниот одбор и слично и детално е уредена позицијата и надлежноста на директорот и заменикот директор на Академијата.

Програмскиот совет претставува стручен орган на Академијата и е составен од седум члена кои се назначуваат од редовите на судиите, обвинителите, од Министерството за правда, како и правни и други експерти.

Надлежност на Програмскиот совет е да ги изготвува и на Управниот одбор да му ги предлага програмите за приемен испит, програмите за почетна обука, Програмата за завршен испит, Програмите за постојано стручно усовршување, специјализираните програми, програмата за обука на едукатори и друго.

Прашањето за едукаторите во Академијата е уредено во овој законски текст каде е предвидено Управниот одбор на Академијата на Предлог на директорот да ја утврдува лисата на постојани и повремени едукатори.

За остварување на програмите за почетна обука се определуваат, по правило, кандидати од редот на судиите и јавните обвинители, додека за остварување на програмите за постојано, сручно усовршување, покрај судии обвинители како едукатори можат да се определат истакнати експерти од дадената област од Република Македонија или од странство.

Законот предвидува формирање стручна служба на Академијата која ќе ги врши стручните административно-техничките и помошните работи.

Средствата за финансирање се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, дел означен со

судска власт. Како други извори на финансирање се предвидени донации, подароци, остварување самостојни приходи преку издавање публикации и реализација на проекти, грантови и слично.

Почетната обука на кандидати за судии и јавни обвинители ја спроведува Комисија за квалификација и прием на кандидати составена од 7 члена кои ги назначува Управниот одбор по Предлог на органот надлежен за избор на судии, Советот на јавни обвинители и министерот за правда.

Во Предлогот за донесување закон детално се разработени јавниот оглас за прием во Академијата, приемниот испит, Комисиајта за квалификација, прием на кандидати, условите што кандидатите треба да ги исполнуваат, правичната застапеност, траењето на почетната обука, завршниот испит, Комисијата за полагање на завршниот испит, системот на вреднување на кандиатите и нивните права и обврски.

Покрај почетната обука, во Законот се разработени одредби кои се однесуваат на постојаното стручно усовршување на судиите и обвинителите.

Во преодните и завршните одредби предвидено е дека академијата претставува континуитет и институционална надградба на работата на Центарот за континуирана едудкација при Здружението на судиите на Република Македонија, содржана е одредба со која се регулира статусот на вработените во Центарот за континуирана едукација, предвидена е обврска на Владата да обезбеди неопходни услови за почеток на работа и спроведување на програмите за почетна обука и постојано стручно усовршување, најдоцна во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Исто така предвидени се одредби за време на конституирање на органите предвидени со законот и за донесување на подзаконските акти, како и одредби за стручно усовршување на новоизбраните судии односно новоименуваните јавни обвинители.

Почитувани пратеници, дозволете ми уште еднаш да го истакнам значењето на овој закон кој има за цел јакнење на независноста, зголемување на професионалноста на судиите што претставува еден од основните услови на патот на нашето интегрирање во Евроатлантските институции.

Морам да истакнам дека и во овој процес додека законот е во фаза на донесување, значи почнувајќи од првата фаза, Владата ги презема сите неопходни активности поврзани со процесот кој е потребен за имплементација на Законот, кога законот ќе биде донесен од страна на Собранието.

Сакам да истакнам дека ова е прва фаза и навистина има работи за кои треба да се размисли за да можат да бидат составен дел од текстот во втората фаза, секако имајќи ги предвид и Нацрт амандманите за кои ќе се расправа во Собранието и сето тоа што ќе се дискутира и што ќе биде дел од текстот на Нацрт амандманите за да може во втората фаза законот да биде надграден врз основа на забелешките кои ќе бидат дадени.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо министер.

(Пак реакција од страна на господинот Крстевски).

Никој и ништо не менува господине Крстевски, вие сте се пријавиле втор, прво ќе зборува господинот Адеми, потоа сте вие на ред.

Вклучете го господинот Крстевски да слушнам подобро во што е проблемот.

**Зоран Крстевски:** Господине претседателе, треба да си проверите со системот нешто не ви е во ред. Имаше проблем каде господинот Ќахил кој не можеше да се вклучи и да се исклучи.

Второ, кога се појави министрката моето име беше до нејзе. Сега ни втор ме нема. Ме разбирате? Нешто системот треба да го надградите, нешто не ви е во ред.

**Љупчо Јордановски:** Господине Крстевски вас ве нема, системот е тука проблематичен, кога сте на листа и кога треба да ви се отвори микрофонот, тогаш се бришете, а ќе ве вратиме да бидете втор.

Друго, не прифаќам дека системот не функционира, освен можеби ако ние не сме внимателни. На господинот Аднан Ќахил погрешно му беше свртена картичката, немојте системот да го обвинувате. Вратете го господинот Крстевски на второ место.

Има збор господинот Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодам господине претседател, почитувана министерке, почитувани пратеници.

Пред нас денеска го имаме законот за основање на Академија за обука на судии и обвинители, закон со кој се сака да се постигне да се основа или да се направат реформи во судството и обвинителството со цел да имаме едно независно судство како во постапките така и во одлучувањето, судство и ефикасно обвинителство итн.

(во 12,30 часот со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

Значи, еден закон за реформите во судството, област во која сите знаеме дека можеби се најголемите проблеми во Република Македонија.

За реформи во судството го имаме условот од ЕУ и НАТО за интеграција на Република Македонија во тие структури, ги имаме и најголемите критики од овие структури, но и од самите граѓани на Република Македонија кои се жалат за неефикасност и неправични одлуки во судовите на Република Македонија.

Сигурно дека ние како парламентарна група сме во принцип да донесеме еден ваков закон и ќе гласаме за потребата од донесување на закон за

основање на Академија, но во постапка, знаеме дека се уставните измени кои ќе бидат при крајот на овој месец, истите се во Парламентарна постапка, затоа мое размислување е дека донесувањето на овој закон сигурно треба да оди заедно со Уставните измени поради ефикасноста на реформите во оваа област.

Околу предложениот текст на Министерството, јас ќе поминам на мои забелешки.

Во членот 16 каде што се говори за именување на директор на Академијата и тоа во првиот став каде се врши огласување на конкурсот и се вели дека огласот на конкурсот ќе се направи во два дневни весници мсилам дека треба да се додаде еден од овие весници да биде на јазикот на етничката заедница која е над 20% во Република Македонија.

Во став 2 каде се говори за директорот кој треба да се именува и треба да има најмалку 10 години работно искуство мислам дека "искуството 10 години" треба да се намали на 5 години или 7 години работно искуство со цел д аим се даде можност на новите кадри, бидејки говориме за реформи, да им се даде можност на младите кадри да се вклучат во раководните органи и да влијаат повеќе во реформите во правосудниот систем.

Во членот 19 каде се говори за заменик директор на Академијата, став 2 точка 2 се вели дека за директор, заменик директор на Академијата може да се именува дипломиран правник кој има завршено Правен факултет но во Република Македонија.

Мислам дека одредбата "да биде дипломиран во Република Македонија" треба да се избрише бидејки треба да го имаме предвид фактот да голем број правници не се дипломирани во Република Македонија и имаат дипломи надвор од Република Македонија (Загреб, Белград, Приштина, Тирана и т.н.). Овде се говори дека тој треба да има положено државен испит и затоа мислам дека не треба да се иземат правниците кои имаат дипломирано надвор од Република Македонија.

Друг дел што е недостаток на овој закон, мојата забелешка е и во делот на правичната застапеност на сите професионални, стручни органи во Академијата, почнувајќи од Управниот одбор, од другите стручни органи и во членот каде што се говори за правичната застапеност и изборот на кандидати кои ќе се обучуваат во Академијата се вели дека ќе се одржи начелото за правична застапеност.

Јас мислам дека овде треба да се предвиди една динамика на правична застапеност во судовите, бидејки на овој начин како што е предложено правичната застапеност во судовите и обвинителствата што ќе се постигне треба да дојде до израз принципот, начелото на позитивната дискриминација. Зошто го велам ова? До колку кандидатите кои ќе се примаат почитувајки го начелото за правична застапенсот ќе се обучуваат и ќе се учат во судовите додека во судовите имаме една слика на правичната застапеност на сите етнички заедници и не може да се постигне правичната застапеност за неколку години. Затоа велам дека принципот на позитивната дискриминација треба да важи во овој закон и тука да се предвиди една динамика од неколкугодишна динамика, би рекол со 4 години етничките заедници да им се даде предност во самата обука.

Уште еднаш ќе нагласам дека во начело ќе го пдоржиме овој закон бидејки станува збор за закон од областа на реформите во судството и обвинитеслтвото. Овој закон верувам дека треба да се донесе по уставните измени коис е во парламентарна постапка. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Лепиткова, три минути реплика.

**Соња Лепиткова:** Благодарам господине потпретседателе.

Мојата реплика се однесува само на дел од излагањето на господинот Адеми каде што во својата дискусија бара оние што треба да полагаат, она што стои во членот дека треба да имаат завршено правен факултет во Република Македонија, сакам да кажам дека оваа форма не е измислена само овде. Ова има и тоа како значајна логика земајки во предвид зошто и како се прави овој закон и кое е значењето. Ќе изнесам само едно исксутво, ево од германскиот закон каде што стои "германскиот закон за судии ги предвидува следните предуслови за изучување на судската професија". Првата точка што стои е "завршени четири годишни студии поправо на германски универзитет". Тоа е првата точка истои "како судија може да работи оној што правен факултет има завршено во германски универзитет и има положено прв државен испит", што е особено важно и значајно ако сакаме да работиме со цел да го подобриме тој дел од системот, а тоа е цел на сите нас дека судскиот систем мора да има не само квантитативни, туку и квалитативни промени. Затоа овие сегменти на уставни измени се со цел да имаме квалитетно судство. Ова е еден од главните предуслови, а не да се наоѓаме во ситуација сепак на некој начин да работиме во правец на тоа и да го партизираме и од друга страна да внесеме луѓе кои што најмалку го познаваат правниот систем и судскиот систем кој почиваат на изучување на она што се изучува на правните факултети во Република Македонија поврзано пред се со законодавството значајно за оваа држава, а тоа е нешто што и другите држави го применуваат и на некој начин се заштитуваат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лептикова.

Повелете господине Адеми една минута контра реплика.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодара. Јас во мојот говор кажав дека реформите во областа на судството се неопходни и не би се согласил со делот на репликата или на текстот каде што се

вели дека треба да се изземат сите правници кои не дипломирале на правен факултет во Република Македонија. За да се стане судија, треба да е положен правосуден испит и ова е условт за тоа, без оглед на тоа каде е завршен факултетот, дали во Република Македонија или надвор од неа. И јас не верувам дека не треба да тргнеме од предрасудите дека надвор од Република Македонија нема квалитетни факултети и правниците што доаѓаат од таму не се квалитетни.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Има збор рпатеникот Блажр Стојаноски.

Повелете три минути за реплика господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Еден добар дел од репликата што сакав да ја дадам ја даде колеќката Лепиткова, меѓутоа сакам да додадам еден дел кој што се однесува на позитивната дискриминација.

Република Македонија изгледа стана држава во која што зборуваме само за позитивна дискриминација, а не зборуваме за создавање на квалитети во општеството кои што ќе значат селекција врз основа на квалитетот. Пробелмот кој што беше и во изборното законодавство околу учеството на жените во кандидатските листи, кое што партиите не го почитуваа сега сакаат да се воведе во правосудството, конкретно во концепирањето на Академијата за обука на судии каде што треба заради незнам кои причини да имало етничка застапеност ваква или таква. Нема проблем да биде и мнозинство од страна на албанската или другите етнички заедници меѓутоа тоа не може да биде како позитивна дискриминација. Тоа треба да биде врз основа на квалитетот кој треба да го покажат и оценките кои за тој квалитет треба да ги дадат релевантните експерти, стручњаци, судии, обвинители што се занимаваат со оваа проблематика. Значи никој нема против да биде некој албанец едукатор во таа школа, или да биде директор во таа школа, или да биде член на Управен одбор, меѓутоа поставувањето квоти изгледа стана навика и процентот кој што се бара во секакви случаи стана пракса во сите закони да стои соодветна правична, незнам каква застапеност. Тоа мислам дека пред се треба да го направите вие кои што сте дирекни учесници во Владата и како коалиционен партнер тоа треба да го реализирате во пракса, а не да се бараат гаранции преку внесување на вакви позитивни дискриминации во законите. Сепак Република Македонија треба да се свати како една држава која што треба да биде функционална, а таа функционалност треба да ја обезбедиме преку вкупните реформи во судството кои што треба да се остварат со уставните измени и со изменувањето на голем број закони после тоа и акцентирањето само на етничката припадност во овој поглед сметам дека само ќе наштети на целиот овој процес и воопшто нема да придонесе за постигнувањето на целта, а тоа е да создадеме што повеќе независно судство и да направиме од Република Македонија една правна држава која што ќе функционира на целата нејзина територија со институции кои што ќе имаат полн капацитет и со судии кои што ќе имаат ефикасност во својата работа и ќе значат авторитет во средината во која што работат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Повелете господине Адеми една минута за контра реплика.

**Абдилаќим Адеми:** Уставната одредба за правичната застапенос тима една цел. Повратокот на довербата во однос на институциите и таа доверба ког аќе се врати е и преку правичната застапенсот и т.н.

Никаде не спомнав дека етничките заедници или кандидатите на етничките заедници не треба да бидат квалитетни. Јас реков покрај другите услови, значи истите услови кои се бараат и за другите да се бараат и за етничките заедници.

Околу правниците кои дипломирале надвор, токму препораките кои ни доаѓаат од стручњаците или од многуте препораки кои ги прифаќаме во однос на реформите во судството се токму од експертите од надвор. Можеби еден голем број на правници доаѓаат токму од тие институции од каде доаѓаат и препораките. Затоа овие ставови не држат дека само правниците кои дипломирале во Република Македонија можат да се кандидираат.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувана министерке, почитувани пратеници,

Денешниот Предлог закон за формриање на академија за судии и обвинители секако дека е чекор напред во остварувањето на реформите во правосудниот систем пред се од аспект на зајакнувањето на неговата независна функција, а уште повеќе во создавањето на кадар кој ќе одговори на важните предизвици на новото време преку ефикасноста на судството и овозможувањето да заживее во Република Македонија и правната држава, а и да се почитува и економскиот поредок како би можело на одреден начин да се забрзаат и економските реформи.

Се псотавува прашање дали овој закон концептуално можеме да го компарираме со некои слични институти, школи, академии во светот, или пак се работи за некој изнуден наш модел кој во оваа фаза сега ни изгледа разионално да го донесеме, но ако малку подлабоко влеземе во суштината на тоа што овде се предлага ќе го видиме следното.

Прво, од номотехнички аспект ова скоро и да не личи на закон. Ова повеќе личи на статут на таа школа односно академија. Тоа е една како моја

прва забелешка и мислам дека во наредните фази треба многу повнимателно да се разработат оние функции на тој центар за обука кои ќе поаѓаат од целите.

Втора работа, од овој концепт не произлегува корелативност со соодветните промени што во високото образование посебно на правните науки се случува односно корелацијата со Болоњските принципи. Треба да знаеме дека Правниот факултет на пример во Скопје од четиригодишни студии предвидува да прејде на петгодишни студии.

Со оваа академија ние всушност ги усложнуваме псотапките за тоа кој може да биде кандидат за судија односно обвинител произлегува дека најмалку 7 години треба да се школуваш за да дојдеш во фаза на преквалифиакција, во овој момент дали независен судски орган ќе ги бира судиите, или тоа ќе остане на Собранието, уште тоа не го знаеме.

Второ, кога спомнав дека овој закон го предлагаме и немаме до крај искристализирано реформите во правосудниот систем, и ги имаме веќе иницијативите на уставните амандмани, малку се носи предвремено овој закон и затоа е подобро да биде подолго во фаза на разгледување, во повеќе фази да биде разгледуван и коментиран. Посебно да се искористи знаењето , умеењето и коментарите што ги дава фелата односно судиите обвинителите и професорите. Вчера во организација на Правниот факултет имаше една дебата на која не бевме почастени со присуство на минситерката или заменик министер, каде што до крајни граници се искажа конфузноста на овој Предлог закон и тоа во повеќе насоки. Дали ние всушност сакаме да санкционираме една состојба во која прашањето на перманента обука ќе го наметнеме на една плејада судии, обвинители кои добар дел од нив се во зрели години, го дале својот максимум, веќе се пред пензија и со тоа ќе помогнеме да се унапреди знаењето, умеењето на оваа категорија, а од друга страна дефакто ќе прекинеме со принципот на "подмладување" на судството, заради тоа што сегашниот систем на регрутирање на судии, обвинители подразбираше кај судиите да има услов положен правосуден испит и две години работно сиксутво во институциите на правосудството. Така да овој закон треба да појде од значењето кое треба да го има и во реформата за поттикнување на конпетентни млади стручни кадри да дојдат во позиција да станат судии, заменици обвинители и обвинители и мислам дека во преодните одредби таа работа треба да се почитува.

Кога се работи за концептот мислам дека нашата определеност да прифатиме некои од искуствата придонесува да не сме на чисто. Дали ние овде воведуваме нов услов кој сега применет од овој закон сеуште нема законска основа, а тоа е да се има државениспит за да се биде судија или пак ние воспоставуваме една хибридна педагошка обука која ќе лавира помеѓу волонтаризмот, програмите кои овие по функција назначени луѓе во Управниот одбор ќе ги поставуваат и со текот на времето ќе го бараме моделот нешто слично на Полициска академија и т.н. Мислам дека тие дилеми треба на почеток да се расчистат. Во многу земји овие центри за школување, овие институти воглавно се врзани директно со органот кој именува судии, а всушност служат за нивна преквалификација, но вака како што е концепиран нашиот закон во кој во Управниот одбор по функција влегуваат луѓе од политиката, бидејќи така доаѓаат на функциите кои ги заземаат постои објективен проблем преквалификацијата или баражот за судии и обвинители всушност биде и политички мотивиран во селектирањето на тоа кој Ќе ја заврши оваа школа или нема да ја заврши оваа школа. Таа е преголемата опасност која јас ја гледам во овој контекст.

Германскиот концепт е многу јасен. Бара 4 критериуми, колешката Лепиткова тоа го спомна и не случајно се темели на диплома за правни науки од дотичната земја. Не можете вие да бидете судија, а своето знаење да го стекнувате за некој компаративен правосуден систем во некоја друга земја. Ќе морате да поминете низ процесот на евулација на вашето знаење, тука да го потврдите. Забар да сте од Македонија, да отидете во Америка, уште три години ќе учите, додека ви дозволат да извадите заб или да поправите заб. Така да, ова е сериозно прашање и не треба да дозволиме ова што колегата Адеми го потенцира дека тука треба да се остави на слободата на правната професија. Од било каде да дојдете со диплома, во Македонија веќе сте го стекнале правото да бидете кандидиран во оваа школа да бидете судија или обвинител.

Мислам дека тоа не е никаде во светот така. Кога велам со Болоњските принципи овој закон не кореспондира, не кореспондира ниту со сугестиите што оваа Влада односно Министерството за правда ги има добиено, бидејќи секоја сама ги има ангажирано. Никаде во светот тој што ве тренира, ве обучува, не ве испитува. Овдека токму тоа е предвидено во овој закон. Мислам дека тоа треба да се измени. Значи испитните комисии мора да бидат независни од оние кои во процесот на тренингот ве обучувале, за да се подигне степенот на независност. А не како ова што сега се случува во основните и во средните школи секој да има петки, заради тоа што потоа следува упис на некое друго ниво. Мислам дека тоа треба да се измени. Нејасно е што со правосудниот испит понатаму. Останува како услов, не останува. Ова е супституција државниот испит. Нема објаснување за тоа ниту слушнавме од министерката тие диференцијции да ни ги каже, што се многу важни. Овдека само гледаме за некои казнени одредби. Значи ако се решите да учите за правник, 7 години работите, положите се таму и сега неможете да дојдете на ред, да бидете избран за судија, или обвинител по некои нејасни критериуми, што во законот не можат да се препознаат. Вие треба дури да и платите на

државата оштета заради тоа што едноставно, не стге дочекале да бидете судија. Има од мојата генерација колеги правници кои се млади референти. Цел живот не може да добие шанса. Стопати е подобар од многу други функционери, меѓутоа, заради тоа што не е политички активен, нема другари во политиката, или незнам што е друго во прашање, не може да дојде на ред. Тој волонтаризам од овој систем на селекција треба да се избегне и затоа велам во преодните одредби за сегашната состојба треба да се бара решение. Овдека е важно за кој концепт се определуваме. Во некои земји,како во Шпанија, оваа школа е директно во функција на врховната судска власт. И се е изведено во делот на самостојноста на таа судска власт, освен релациите со Министерството за правда. Значи, буџетирањето, оди со самостојниот судски совет. Други земји имаат друг принцип и тука, навистина треба да се најде решение кое ние го сметаме, меѓутоа повторувам, преку односот на институционалното поврзување на оваа академија или школа, како треба да се вика не сум сигурен, треба да се избегне тоа политизирање на тој орган и неговото влијание во прeтквалификацијата на кадрите кои ќе се стекнат со ова звање. Прашање е дали органот треба да биде составен само од судии и обвиниели. Секаде во светот има и професори, видни правници. Тука треба да се изострат критериумите, кој може да биде член. Мислам дека сега по Законот за јавни функции неспоивост постои. Значи во некои други закони треба да се изменат за да може судија да биде член на некој управен одбор. Јас колку што знам сега не може да биде ниту на управен, ниту на надзорен одбор. Значи треба да се види. Ако вака дошло до тоа по функција да бидат членови во управниот одбор, треба да се види.

Второ, треба да се види дали директорот треба да биде член на управниот одбор. Тој треба да одговара, тој е извршен орган, бидејќи ова е правно лице, има некои материјални заодолжувања, оргранизациона поставеност. Треба за нешто да одговара. Така да прашање е дали директорот по функција треба да биде член на Управниот одбор. Мислам дека тоа влече корени од самоуправувањето и тоа треба да се надмине и да се види дали ќе има двостепеност или еднostепеност во менаџирањеo со центарот. Би рекол дека јас сум за тоа финансирањето на оваа институција да биде директно од самостојниот финансиски буџет, да не зависи од Министерството за правда, или од Владата, да се мољакаат, како што се мољакаат сега да речеме, Антикорупциската комисија и Академијата за полицајци и така натаму. Мислам дека ова е вистински момент за ова значајно прашање да се одвојат финансии кои ќе бидат составен дел на самостојниот судски буџет. И повторно велам дека времетраењето на овие продолжени студии, некаде таа школа е на позиции на магистратериум. Вие можете да завршите со тоа да бидете во конкуренција за судија, но не морате да бидете судија. За такво знаење и умеење има и други правни свери, почнувајќи од адвокат и незнам што, или правен консултант, каде што оваа школа треба да се издигне и да има реноме. Значи не може да виде ова нешто курсистички сватено. Затоа што, еден дел овдека од обуката на постоечките кадри од три месеца е така поставено, за три месеца можете да научите на компјутер ексел, ворд да отварате, меѓутоа, треба да се размисли на кое ниво. Затоа велам името не е за занемарување, дали ќе се избере институт, школа, академија, затоа што имаат различно значење во меѓународната коресподенција и затоа мислам дека така треба да се направи. Меѓутоа е направен голем напор од Министерството за правда да се донесе ваков закон и тоа треба да се поддржи, не треба да се бега од критиките и од јавната дебата во наредните фази, тоа би било многу попродуктивно за самиот процес на измени на правосудството. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски. Господинот Апостолов за реплика, господин Џелили за реплика, пред тоа реплика за министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Георгиевска.

Повелете госпоѓа Георгиевска.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Благодарам почитувани пратеници, морам да истакнам дека овој закон воопшто не треба да се сваќа како закон кој треба да предизвика недоразбирања, особено во делот на обврските што Република Македонија ги има превземено во однос на Болоњскиот процес на високо образование. Јас морам да истакнам дека Министерството за правда има одлична соработка со Правниот факултет во Скопје, вклучувајќи го значи и овој законски текст. Меѓутоа, кога зборуваме за Болоњскиот процес, не треба да се заборави дека тие настојувања што ги прави Правниот факултет за примена на начинот на образование според овој процес 3+2 или 4+1 тоа значи пет години високо образование. Тоа што го планира Правниот факултет е започнување на ваквите студии од наесен, значи наредната наставна година. А првите кадри што ќе бидат едуцирани на овој начин ќе завршат значи дури после 5 години. Тоа што ние го планираме согласно овој закон за едукација на судии и јавни обвинители, е почеток на оваа едукација од 1.01.2006 година. Значи треба во овој момент Собранието да донесе закон кој ќе се однесува на едукацијата на судии што ги исполнуваат условите со Законот ги применува според досегашниот начин на студии, на правните факултети, а не за Болоњскиот процес.

Морам да истакнам, како што кажав дека одлична ни е соработката со Правниот факултет и заради усогласување на наставниот дел на Правниот факултет, едукацијата, што во иднина ќе се однесува на судии и јавни обвинители, се одржани повеќе тркалезни маси, на кој јас лично сум учествувала и затоа мислам дека е

несоодветно поради немање доволно информации, да се истакнува од пратеничката говорница дека нешто веројатно има што на вчерашната тркалезна маса немало претставник од Министерството за правда. Тоа е од сосема други причини, тоа е поради активност во собраниски комисии, патување во странство, за што и јавноста е запознаена мислам соодветно, така што овие забелешки можат и на друг соодветен начин да се поставаат во Собранието и преку пратенички прашања на овој начин. За сите други прашања поврзани со едукацијата и усогласувањето во делот на реформскиот процес, како што истакнав, постои втора фаза на Законот. Токму затоа сега е доставен во прва фаза, иако не сме биле должни да доставиме конкретни решенија, туку со цел да предизвикаме повеќе дискусии кај пратениците кои би ни помогнале за доусогласување на законот во втора фаза, но морам да истакнам дека има одредби кои се преодни и завршни и значат усогласување на текстот на законот со критериумите што сега ги исполнуваат оние кадри што сега конкурираат и ги исполнуваат условите за судии. Значи да не се прави забуна преку дискусиите за несоодветно компарирање на роковите што се дадени во законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Георгиевска.

За реплика три минути се јави господинот Петар Апостоловски.

**Петар Апостоловски:** Благодарам господине потпретседател. Во голем дел од дискусијата со мојот почитуван колега Крстевски се согласивме, само кратко би реплицирал во делот на школувањето на кадрите. Рековте дека за Правниот факултет ќе продолжат студиите од 4 на 5 години плус ќе треба уште две години за едукација, значи некаде грубо околу 7 години. Јас само ќе направам споредба како се доаѓа до специјалист во медицинските науки. Значи имаме 6 години школување на Медицинскиот факултет, една година е обавезно стажирање, потоа полагање на државниот испит и уште 4 години специјализација. Значи да станеш специјалист од една од областите на медицинските науки, мораш да се едуцираш 11 години. Со други зборови ако сакаме квалитет, тогаш школувањето не треба да ни биде никаква пречка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски. Три минути реплика има господинот Агим Џелили.

**Агим Џелили:** Благодарам господине потпретседател, иако се говори за предлог закон, сепак, почитуваниот господин Крстевски и понатаму се повикува на членот 19 каде кокетира во однос на Правниот факултет. Јас имам конкретно прашање да не сакате по автоматизам да отстранувате една категорија на граѓани. За мене, ова е негативна дискриминација, дури ги прогласуваме како непожелни и јас мислам дека ова припаѓа на минатото, затоа што Македонија е ориентирана кон меѓусебна комуникација со сите држави кои се во околината, во Европска Унија и евроатланските држави. Затоа и ние не може да донесуваме негативни санкции и токму поради тоа во сите западни држави постојат проесионални стручни испити. Јас ќе му кажам една вистина. На пример, јас како лекар сум работел едно време во Швајцарија и мене никој не ми го оспорил медицинскиот факултат. И ќе беше овде без преседан некој овде да го спори Правниот факултет, туку напротив јас сум се поттчинил на стручниот испит кој сум бил принуден да го полагам, доколу сум сакал да ја вршам таа моја дејност на лекар. Затоа јас апелирам оваа квалификација на овој начин да се остави предлог во иднина да се исправи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпдине Џелили. Една минута котра реплика господинот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Сензибилни се колегите од Пратеничката група на ДУИ се нешто им е како неправда некој Македонец кога нешто ќе каже.Ама тоа ти е така. И во Германија да бил на работа исто ќе било. Но како правник од Македонија немало да биде истото. Јас го коментирам тој случај. Учењето на еден правосуден систем не е идентичен со учењето на медицина. Тоа требало да го разберете. Тоа е нормално така во секоја земја и мислам дека ние во преодните одредби можеме да направиме некој премин, меѓутоа не можеме ние од светските искуства тоа да го земеме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер за правда, почитувани дами и господа пратеници.

Јас би сакала накратко да се вклучам во дискусијата по Предлогот за донесување на закон за академија за обука на судии и обвинители, иако колегата Крстевски опфати еден широк дел од предложениот закон, меѓутоа, останаа според мене определени области кој не ги опфати и би сакала за тоа да им укажам на претставниците на Владата.

Значи, македонското судство е неефикасно, бавно, немотивирано, ова се зборовите со кои Светската банка во последниот нејзин извештај укажува на органите на правосудниот систем во Република Македонија. Сите извештаи кои доаѓаат од областа на правосудниот систем од сите меѓународни институции го кажуваат тоа. Затоа, го поздравувам предлогот за донесување на закон за академија за обука на обвинители и судии, пред се заради обезбедување на претпоставки за стручно, совесно извршување на работата ан судиите во Република Македонија. Сите напади кои доаѓаат укажуваат на корумпираност на судството. Сега да не го генерализирам поимот, меѓутоа, генерално се однесува на сите судии, чест на исклучоците, меѓутоа факт е дека Република Македонија е

многу назад во реформите во правосудниот систем и во состојбата во која се наоѓа правосудниот систем денес.

Добро е што тоа ја мотивирало Владата да даде еден ваков предлог за донесување на закон за обука на судии и обвинители, јас сметам дека и претставникот на Владата ќе се согласи дека има потреба од понатамошна разработка. Добро е што е во прва фаза. Ние дискутиравме доста и на ЗПК за потребата од донесување на овој закон во оваа фаза, меѓутоа, секако дека уставните измени на Нацртот на амандманите ќе се појават во еден простор во кој веќе ќе бидат искристализирани ставовите да се дојде и до втората фаза во овој предлог за донесување на Законот.

Во однос на конкретните забелешки, се сложувам во делот колегата што ги кажа, меѓутоа, сметам дека вака како што е предложено во членот 3 статусот на Академијата, се вели само кратко дека Академијата има статус со својство на правно лице и став 2 дека седиштето на Академијата е во Скопје. Сметам дека не се искристализирани ставовите во однос на меѓусебната соработка и односите меѓу оваа Академија, школа или институт, што значи тоа прашање ќе треба дополнително да се разработи што треба да биде ова помеѓу таквата институција со Министерството за правда и со идниот орган кој ќе биде надлежен за избор на судии. Сепак, се работи за материја која се однесува на обука на судии и обвинители. Значи, мора да постои меѓусебна соработка и координација помеѓу овие три органи, Академијата, школата, институтот, Министерството за правда и идниот орган кој ќе ги избира судиите. Мора да се дефинира односот помеѓу овие три институции. Сега, имам забелешки во однос на дејноста на Академијата, оној дел или оној став 2 точка 1,2,3,,4 и 5, каде се вели дека за оваа Академија се организира и спроведува конгреси, семинари, конференции, симпозиуми, собири и други форми на обука за прашања поврзани со примената на правото на ЕУ и меѓународното право. Сакам на почеток да се разбереме, јас немам ништо против примената на европското право и едукацијата на нашите судии, идни судии и обвинители, како и на постојните судии кои работат на оваа проблематика во однос на изучување на правото на ЕУ и на меѓународното право, меѓутоа, ние мораме да разбереме дека ние не можеме да бараме од нив да го научат европското право, ако не го знаат правото на Република Македонија и континуирано не ги следат промените кои настануваат во нашето право. Ние го менивме Законот за парнична постапка, измени и дополнувања на Законот за кривична постапка, а со оглед на обврските и преоптовареноста на судиите со предмети во овој момент, се надевам дека во иднина нема да биде така, меѓутоа дали е потребно да постои неопходен акцент за вака како што е дефинирано во дејнсот на Академијата со закон да биде предвидено примена на правото на ЕУ и меѓународното право.

Во однос на органот на управување, предвидено е да има управен орган кој го сочинуваат 11 претставници на органите и институциите. Сметам дека заради појаснување, можеби некои од колегите и не го прочитале, меѓутоа тој управен одбор ќе се состои од претседателот на идниот орган што ќе ги определува судиите по функција, претседателот на Врховниот суд, министерот за правда и Јавниот обвинител на Република Македонија. Потоа, Врховниот суд дава двајца членови во управниот одбор, еден од редот на судиите во Врховен суд, еден од пониските судови. Јавното обвинителство предлага еден член во управниот одбор, советот на обвинители назначува еден член во управниот одбор, здруженијата на судии назначуваат по еден член, министерството за правда назначува еден член во управниот одбор и 11-от член е директорот на Академијата кој е без право на глас. Фактички имаме 10 луѓе кои имаат право на глас во овој управен одбор. Ако ги погледнеме структурата на управниот одбор, вака како што е предложена, мене ми личи, искрено да ви кажам на едн акрута и една статична структура на овој управен одбор, која е подложна на влијанија на извршната власт или на промена на власта во државата. Со оглед на фактот дека Јавниот обвинител на Република Македонија го избира Собранието, парламентарното мнозинство мора да му даде поддршка. Претседателот на Врховниот суд не може, јас не зборувам само за уставните измени сега вака како што е предложено, зборувам за овој предогд на донесување на закон за Академија, можеби и не требало да биде така круто дефинирана структурата на управниот одбор. Ако веќе, ние бараме концепцијата на оваа Академија за обука да биде едукативна функција, ама да се дистанцираме од курсистичка, како што рече колегата Крстевски, континуирана и почетна обука на идните обвинители и идните судии. Мора да има малку мешан состав во овој управен одбор и како предлог ќе ги спомнам универзитетски професори кои активно се сеуште професори во оваа област. Меѓутоа, да не ги заборавиме и професорите кои се во пензија, а кои сеуште се активни во делот на правосудниот систем. Значи, малку шарање на овој управен одбор нема да биде лошо во секој случај, да не биде така крута, да не речам, комунистичка шема на овој управен одбор.

Јас би сакала уште малку само да го одземам вашето внимание во однос на престанокот на мандатот на член на управен одбор. Не знам во кој предлог на закон го коментиравме ова, меѓутоа, во ставот 1 алинеја 5 и 6 се вели дека "ако е осуден за кривично дело што го прави недостоен за вршење функција член на управен одбор", па секое кривично дело кога ќе го направите, ве прави недостоен за вршење на функцијата член на управен одбор, независно за кој вид на кривично дело е. Дали е против државата, против луѓето, имотот, против личноста. Можеби ваквата формулација треба да

доживее определена трансформација. Многу од овој предлог за донесување на закон се однесува на постапката, на работата, на обезбедување на мнозинство за работа на управниот одбор и доаѓаме до директорот на Академијата. Сметам дека оние одредби кои се предложени дека треба да има најмалку 10 години работно искуство во работен стаж како судија обвинител, треба да си останат. Познавањето на еден од странските јазици исто така треба да останат. Во однос на заменикот директор, апсолутно се сложувам со предлогот вака како што е даден од Минситерството, значи да е државјанин на Република Македонија, да има диплома за завршен правосуден испит во Република Македонија, од причини кои ги кажа и колегата Петар Апостоловски и колегата Зоран Крстевски. Правосудниот систем во Република Македонија не е ист како правосудниот систем на Бугарија, на Грција, на Албанија, на Србија и затоа мора да го познава правосудниот систем во Република Македонија.

Би се вратила само уште малку на надлежностите на управниот одбор. Вака како што се дадени сметам дека се премногу концентрирани за еден орган кој треба да врши работа на едукација, во која му помгаат и едукаторите и програмскиот совет кој постои односно кој се предлага да постои за овој закон. Нели може да се размислува за дисперзија или намалување на надлежностите на управниот одбор во делот на она што се вели програмскиот совет, надлежноста од програмски совет и во делот на едукацијата на идните судии и обвинители.

Мене искрено да ви кажам ми смета оваа одредба од членот 25 став 2 во која се вели дека за остварување на програмите за почетна обука на едукаторите се определуваат по правило од редот на судиите и обвинителите, па останатите кои се занимаваат со оваа проблематика, со правосудната проблематика, некако доаѓаат на страна и се, да не речам позитивна, да не речам негативна дискриминација. Можеби оправдување има Министерството, затоа што се однесува за почетна обука, меѓутоа, сметам дека и другите кои имаат долгогодишно искуство и имаат доволно искуство да можат да ја вршат таа почетна обука, а кои не се судии и обвинители.

Од она кое ми беше доставено како пропратен материјал по повод онаа тркалезна маса која се одржа во организација на Правниот факултет, токму во делот на едукаторите има едн аинтересно решение од Шпанија во однос на предавачите, не знам Министерството колку е запознато, меѓутоа, таму прецизно предавачите во одној дел во кој ни е даден се вели "во школата работат 14 предавачи, од нив 10 се судии и 4 се универзитетски предавачи. Од тоа 6 се во граѓанска област, 6 се во кривична област, 2 се во уставното право". Потоа, за дополнителните предмети се земаат асоцирани предавачи и тоа 3 за дуска медицина, 3 за универзитетски предавачи за економија и сметководство и судии за организација на судската дејност. Значи, идните судии и обвинители не можат и не треба да бидат само судии, некои од нив најверојатно ќе станат и претседатели на судови, на основни, на апелациони судови, на Врховен суд, на Уствен суд и тие мораат во секој случај да ја познаваат организацијата на судската дејност, можеби во наредната фаза.

И да не заборава трет вид на предавачи се фирми надлежни за надлежна и компјутерска обука. Значи, ние мораме да констатираме, за жал, дека во постојната структура на судии многу мал дел од судиите знаат или се користат со напредните технички помагала, многу малку знаат за компјутери. Така што, можеби ова ќе биде едно укажување на Министерството за правда во делот на едукацијата и едукаторите на оваа идна институција. Не зборувам школа, академија и идни институци, затоа што може и самото име да претрпи измени.

Генерално уште имам забелешка само на прва и обврски на кандидатите во членот 41. Ова се случува по полагањето на завршниот испит и се стекнува со својство кандидат за судија. Од кандидатите кои успешно завршиле, се прави ранг листа на кандидати за судии односно листа на кандидати за обвинители. Листите се доставуваат до тој некој иден орган кој ќе ја врши функцијата што сега ја врши РСС односно до Советот на обвинители до изборот односно именувањето кандидатите од овие листи, од ранг листата се распоредуваат на работа во првостепени судови односно основни обвинителства. Ставот 5 вели "Кандидатот кој е распореден на работа во смисла на ставот 4 обврзан е да остане на работа најмалку 7 години". Е, сега, она што го кажуваше и колегата Крстевски, помлад референт после долку години работа, тој кандидат ќе остане 7 години во таа институција, независно дали е основно обвинителство или е основен суд, меѓутоа, што ќе се случи до колку за тие 7 години не се ослободи место, некој судија не дај Боже почине или замине на повисока функција или едноставно ја напушти судската функција и замине во адвокат, што ќе прават тогаш тие кандидати со положен завршен испит рангирани на ранг листата, доставени на список до идниот орган кој ќе ги бира, а место во судовите нема. Ова го велам во контекст на она што е наведено во Предлогот на законот, во кој се велеше дека во почетната обука огласот кој ќе се даде на кандидатите за Академијата, треба да се примаат според потребите и слободните места за обвинители и судии во првостепените судови односно во основните обвинителства. Значи, мора да има, прво, јасен план. Министерството предвидело со овој предлог, значи бројот на кандидатите се утврдува годишно според некоја среднорочна и долгорочна проекција на тој иден орган за избор на судии и советот на обвинители. Значи, мора да има размислување среднорочно и долгорочно за бројот на судиите кои ни се потребни, за да не се доведеме во ситуација повеќе кандидати, квалитетни кандидати да се

наоѓаат на ранг листата, се распоредуваат на работни места, а место и после 7 години нема да се ослободи во тој основен суд или во Основното правобрнителство.

Во однос на постојното стручно усовршување на судиите и обвинителите, би сакала министерот да ми објасни во однос на времетраењето на стручното усвовршување се вели дека "судиите и обвинителите кои имаат до 8 часа стаж како судија односно обвинител, изнесува најмалку 50 часа во текот на годината". Дали тоа значи, еве судија со 4 години работно искуство избран за судија, 4 години работи за судија во Основен суд во Кавадарци, тој ќе мора секја година до осумте години да врши 50 часа обука. Според мене така би требало да звучи 50 часа годишно до 8 години и натаму како што е предвидено во прдлогот, меѓутоа, вака како што ми е напишано мене ми е нејасно. Во секој случај јас го поздравувам предлогот на Министерството за правда за напорот кој го направиле барем да се почне од нешто доколку сакаме да имаме реформирано судство и да ги зачуваме принципите за јакнење на независноста и ефикасноста на судството, се разбира со сите забелешки кои ќе призлезат од оваа дебата, од комисиите и во понатамошните периоди.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Повелете господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници!

Навистина, најнапред ме изненади брзината со која што дојде овој закон во Парламентот, затоа што очекував тоа да оди барем паралелно со Нацрт-амандманите на Уставот и таа моја изненаденост се покажа како точна, затоа што ако се види составот на управниот одбор кој што се предлага со овој закон на Академијата за обука на судии и обвинители, ќе забележите дека предлогот воопшто не соодветствува со предлогот кој што го има истата оваа Влада дадено за претседател на државниот совет на правда. Затоа што со овој закон предлагате во управниот одбор да биде член претседателот на државниот совет на правдата односно на органот кој што го врши изборот на судиите, а веднаш потоа пишувате дека покрај него член на управниот одбор е и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Значи, навистина тоа е една неусогласеност која што не треба да се допушти. Меѓутоа, сепак, ова е предлог за донесување на закони и има време да се поправат грешките од ваков вид, иако сметам дека немаше потреба од толкаво брзање при пуштањето во процедура на овој закон. Ова, особено што со ваквата содржина каква што е дадена тука целосно не се согласуваат ниту лицата кои што учествуваат како експерти во подготвувањето на овој закон од Советот на Европа, ако не се лажам, кои што голем дел од одредбите кои што се наведени во овој закон ги прифаќаат, но има и работи кои што треба да се сменат. Така што, пред да навлезам околу текстот на законот, сакам да искажам можеби една забелешка дека овој закон можеше да оди малку подоцна и тоа немаше да биде воопшто на штета на вкупните активности кои што се одвиваат во поглед на донесувањето на сите закони во оваа област.

Најпрво, што ми падна во очи, сега да навлезам во текстот на законот, затоа што тука имам повеќе забелешки. Тоа е колкава моќ се дава на управниот одбор на оваа Академија.

Управениот одбор кој е наведен во овој закон како тело кое што раководи буквално со се, зборувам од приемот на кандидатите , од квалификацијата затоа што тој ја именува Комисијата за квалификации и прием преку едукацијата, затоа што тој ја утврдува листата на едукатори или предавачи на таа Академија.

Потоа, во оценувањето затоа што повторно тој Управен одбор ја именува Комисијата за оценување на кандидатите при полагање на завршниот испит, па потоа го донесува Статутот кој може да го менува без никаква согласност од никого и сите други работи кои во мојата дискусија ќе ги наведам, сметам дека претставува навистина голема концентрација на моќ во овој орган, а кога ќе се види составот на тој орган, верувајте јас не очекувам и не сакам од Академијата за обука на судии и обвинители да се претвори еден орган кој треба да претставува филтер за друга подобност за идните судии и обвинители освен на стручна подобност.

Вака како што е конципирано ако подлабоко го анализираме предлогот ќе ни биде многу јасно кој ќе одлучува кои ќе бидат идните судии. Истото она што го зборувавме дека го имавме како проблем преку именувањето на судиите од страна на Парламентот затоа што во Парламентот одлучуваат политичките партии кои што градат мнозинство во тој Парламент. Да почнам со ред.

Кој се го сочинува Управниот одбор беше кажано претходно, меѓутоа, добро е во контекст на ова што сакам да ја продлабочам таа анализа. Прво, за да биде јасно, треба да се сфати дека Академијата претставува нешто што е надвор од образовниот систем на Република Македонија, значи нема врска ниту со Универзитет, ниту со другиот вид основно и средно образование, Министерството за образование овде нема никакви ингеренции. Се работи за специјална школа, специјализирана институција која се занимава само со едукација на идните судии и јавни обвинители.

Понатаму, оваа Академија ги има следните органи. Има Управен одбор, за кој кажав неколку збора, потоа има директор, има заменик директор, има програмски совет, има свои едукатори или предлагачи, како сакате, има своја стручна служба, има комисија за прием на кандидати, има комисија за полагање на завршен испит. Значи ова се сите оние органи кои што се предвидени за оваа Академија да функционира на начин кој што

треба да доведе до навистина стручни идни судии и јавни обвинители. Управувачкиот орган, значи Управниот одбор го именува и го разрешува директорот и заменик директорот, се разбира, ги назначува членовите на Програмскиот совет, ги назначува членовите не Комисијата за прием на кандидати и на Комисијата за полагање на завршен испит, ги определува едукаторите или предавачите, го потврдува бројот или видот на работни места во стручната служба и е составен од 11 члена. Кои се тие 11 членови кои фактички ќе ги носат сите овие одлуки кои се навистина исклучително битни. Јас мислам дека ова е една од најбитните институции, ако може така да се нарече, во севкупниот систем на судството кој што треба да се конципира после уставните измени, затоа што тоа е првиот филтер од кој доаѓаат идните кандидати, кој дава листа до државниот совет на правдата како тело кое ги именува идните судии и јавни обвинители и од таа листа тој е обврзан да мора да одбере. Значи, она што се предлага сега е она тело кое може директно да влијае на намалување на партизацијата, на влијанието од различни свери во именувањето и разрешуваето на сидиите, пред се во именувањето на судиите и јавните обвинители , а дури птоа тоа може да го прави државниот совет на правдата, ако можам така да го наречам. Тука стои како орган кој ги именува и разрешува судиите. Значи ова е исклучителна позиција што ја има.

Прв член на Одборот е претседателот на органот кој ги избира судиите. Согласно Нацрт уставните амандмани тоа е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Значи, ако тоа би било сега правено, тоа би бил господинот Дане Илиев.

Втор член на Одборот, согласно овој предлог е повторно претседателот на Врховниот суд на Република Македонија кој со предложените Нацрт уставни измени, истовремено е и претседател на државниот совет на правдата, органот кој ги именува судиите, а тоа ако исто така во овој момент се случи е господинот Дане Илиев.

Трет член на Одборот е министерот за правда односно ако тоа биде во овој момент, тоа е госпоѓата Мери Младеновска.

Петти член на овој Одбор е еден судија од редовите на судиите на Врховниот суд кој го назначува Врховниот суд. Значи не постојат критериуми, не постои орган. Тоа се остава на волја на Врховниот суд.

Понатаму, еден судија од пониските судови именува повторно Врховниот суд. Исто така, јас барем не можев да забележам, или недоволно бев внимателен, кој орган и на кој начин тоа го прави, изборот, дали тоа ќе биде јавен оглас на кој може да се пријават сите судии од пониските судови, па на општа седница ќе се гласа за избор на еден судија кој би бил член на овој Управен одбор на Аакадемијата или тоа ќе го направи претседателот на Врховниот суд и ќе каже, да, овој суд согласно определени критериуми кои ќе бидат утврдени евентуално на општа седница на Врховниот суд, ги исполнува во најголем обем тие критериуми и може тој да биде член на Управниот одбор.

Понатаму, за да биде комплетна сликата за исклучително важниот орган во правосудниот систем ба Република Македонија , тоа е Управниот одбор на Академијата, или на школата за обука на судии и обвинители, е членот кој го назначува повторно Јавното обвинителство. Значи, покрај државниот Јавен обвинител кој по функција е член на овој Управен одбор, Јавното обвинителство назначува уште еден член. Како се назначува, која е регулативата, почитувањето на принципот на субординација, хиерархија итн, како ќе се примени во овој поглед јас незнам и како ќе може да гласа или да му се обезбеди независнот на членот во Управниот одбор на оваа школа, кога до него ќе седи оној кој му е директно надреден, а такви гаранции во овој закон нема доволно, има обиди нив да ги има како гаранции, меѓутоа сметам дека не се доволни за тој претставник на Јавното обвинителство да може да има целосна слобода за да гласа по сопствено убедување, а не врз основа на насоки кои му ги давал неговиот хиерархиски надреден Државен јавен обвинител.

Понатаму, Советот на обвинители го дава 8-от член или 9-от член на овој Управен одбор на Агенцијата. Советот на обвинители, единствено стои дека назначува еден член во Управниот одбор и негов заменик. Меѓутоа, никаде не стои дали тој член треба да биде од редот на јавните обвинители во Република Македонија, дали тој член треба да биде од редот на членовите на Советот на јавни обвинители, па повторно да се доведеме во една ситуација Државниот кавен обвинител да има можност уште по еден основ да биде член. Значи мора да се прецизираат некои одредби и да се конкретизираат во смисла на постапката, условите кои треба да се исполнуваат за да се стане член на овој Управен одбор, како и критериумите кои треба да се почитуваат при нивниот избор.

И наредниот член во овој Управен одбор односно наредните 2 члена се од Здружението на студии, еден член и Здружението на јавни обвинители, уште еден член.

Ќе ве потсетам само дека здруженијата во Република Македонија сеуште немаат јавни овластувања и незнам по кој основ се наведуваат тука како предлагачи на член на еден вака многу значаен орган во правосудниот систем во Република Македонија.

До колку се сака да се покаже дека една фела треба да има свои претставници во овој орган, јас не знам дали тоа треба да се направи на овој начин затоа што, нанвистина, немаме информации на кој начин функционира тоа Здружение, кои се можат да бидат негови членови, дали само судии или и некои други, понатаму начинот на избор на нивните органи, дали тоа се врши на начин кој навистина ја изразува и претставува волјата на сите судии во

Република Македонија, па дали има можност за менување на тие раководства, итн. Значи тоа е оставено на статутите, колку сум информиран, на здруженијата кои многу лесно можат да се формираат или да се расформираат, согласно свои одлуки. Навистина, во еден вака сериозен закон, формирање на здружнија на граѓани, независно што ссе работи за исклучително важно здружение, тоа е Здружението на судии, а и Здружение на јавни обвинители, јас не знам што тоа би претставувало, која би била основната дејност на Здружението на јавни обвинители, имајќи ја предвид посебната позиција на Јавното обвинителство во Република Македонија и ставањето тука како можност тие да предлагаат член на овој Управен одбор, сметам дека најблаго речено е не сериозно.

И, последниот 11-от член на овој Управен одбор, за да биде се заокружено ќе биде претставникот што ќе го именува Министерството за правда односно тоа е министерот за правда. Сега, ние треба, на овој состав, како пратеници, граѓаните на Република Македонија и сите оние кои очекуваат независно, ефикасно и самостојно судство кое треба да доведе до судење согласно законите и Уставот на Република Македонија и кое треба да биде ослободено од политички влијание, на овој начин да каже да се достави списокот на кандидати што досега го правеше Републичкиот судски совет до Собранието, оваа школа овој список ќе го доставува до Државниот совет на правда. Верувајте, јас не верувам дека тоа ќе значи ослободување од политика и од политизација на судството, на овој начин. Што е подобро, може да се размисли, може да се најдат решенија , меѓутоа тоа што се предлага сега јас лично немам верба дека може да претставува придонес кон зголемување на независноста на судството во Република Македонија .

Управниот одбор во овој состав ќе ги именува сите други тела, како што кажав претходно, ќе ја организира работата, ќе обезбедува финансиски средства и ќе претставува поголема сива еминенција во слудството, отколку што претставуваше досега Републичкиот судски совет.

Понатаму, во однос на гаранциите за членовите на овој Управен одбор, во смисла на нивно не менување или не постоење на влијание , само да завршам во склоп на она што почнав на почетокот, а тоа е како понатаму тоа оди. Значи, Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд беше избран во овој мандат, во мандат во кој Републичкиот судски совет достави предлог и ова Собрание го изгласа.

Државниот јавен обвинител беше избран по предлог на Владата, исто така од страна на ова Собрание.

Министерот за правда по дефиниција е политичка функција која е предложена од политичка партија. И да не ги набројувам сите други членови на овој Управен одбор. Навистина ако броиме да видиме на кој начин може да се направи мнозински од 11 членови односно да се обезбедат шест гласа за да се донесе одлука која ќе значи важечка одлука за сите други органи што ги има Академијата, вклучително и директорот и заменик директорот и програмскиот Совети и Комисијата за прием и Комисијата за оценување и едукаторите. Тогаш многу лесно оваа Академија може да се претвори во политичка или политизирана институција која ќе биде направена на компромисна основа од страна на разни политички или други групации кои ќе имаат исклучително значаен интерес да ја имаат под контрола оваа институција, затоа што сите идни судии, меѓутоа и сите идни јавни обвинители ќе мора да поминат преку оваа Академија.Значи, за престанок на мандат на член на управен одбор, зборуваме за гаранции за независното однесување или слободното остварување на функцијата член на управен одбор, тоа е дека на членот може да му престане мандатот пред истекот на времето за кое се назначува, под услов, ако исполни услови за старосна пензија, ако самиот даде оставка. Многу интересно е тоа, ако му престане функцијата или работниот однос во органот кој го назначува. Ако му престане функцијата, му престанува и работниот однос. Значи овде не се работи за функционер, не се работи за јавен обвинител, за судија, затоа што тие претставуваат функционери. Меѓутоа работниот однос е веќе нешто друго. Тоа остава простор, некој кој е вработен некаде да може да биде назначен во овој орган, во Управниот добро од страна на органот каде што е вработен. Веројатно овде се мисли за претставникот на Министерството за правда, или претставниците од здруженијата на судии и јавни обвинители кои евентуално би можеле да бидат вработени. Меѓутоа јас апсолутно не гледам никаква врска, на работниот однос со членувањето во Управниот одбор на Академијата за обука на судии.

Да не должам понатаму, има други случаи кои се нормални, кои ги има во случај на престанок на било која функција.

Забелешките кои ги има и од страна на претставниците на Меѓународната заедница кои учествуваа во подготвувањето на овој закон, се однесуваат и на претседателот на Управниот одбор.

Во членот 12 од Предлогот за донесување на овој закон стои дека претседателот на Управниот одбор се бира од членовите на Управниот одбор, што знаачи дека тоа може да биде министерот за правда, тоа може да биде Државниот јавен обвинител, претседателот на Врховниот суд, или може да биде претседателот на Државниот совет на правдата, што не мора да значи дека мора да биде препорачано со решение прифатено или неприфатено не навлегувајќи во тој дел.

Укажувањата од страна на оние кои учествуваат се дека претседателот на Управниот одбор треба да се бира од редот на судиите. Меѓутоа, имајќи предвид дека во овој Управен одбор многу малку има судии, оние кои најмногу се засегнати и кои

најмногу може да учествуваат во едукацијата, во оценувањето и во подготвувањето на кандидатите, фактот дека Министерството немало од што да одбере да наведе дека мора да биде судија, на тој начин фактички со таквото решение би го одредил и претседателот на Управниот одбор. Значи тоа е уште едне аргумент во прилог на она што го зборував и претходно дека составот на Управниот одбор е катастрофално поставен.

Тоа дека имаат право членовите на Управниот одбор на надоместок на трошоците настанати во врска со вршењето на функцијата, тоа е слично решение кое го имаме и при утврдувањето на решението за членовите на советите на општините. Меѓутоа, тоа кај нив е регулирано со закон, во кои рамки може да се движи овој надоместок, а овде стои дека самиот Управен одбор си носи правилник како ќе се регулира неговиот надоместок. Значи, сам си одлучува за себеси, нема никакви други органичувања.

Понатаму, кој може да биде директор на оваа Академија.

Согласно предлогот за донесување на закон, за директор на Академијата се именува лице кое има најмалку 10 години работен стаж како судија или обвинител и кој познава еден од светските јазици, српско-хрватски, албански. Ако зборуваме за светски јазици, тогаш треба да дефинираме кои светски јазици, или кој е тој еден од светските јазици кој треба да го познава.

Ако вака стои познавањето на светски јазик јас не го гледам како некој посебен критериум, затоа што на овој начин се дерогира целта што се сака да се постигне од страна на предлагачот за определување на овој услов. Меѓутоа, тоа е прашање за кое треба да се најде соодветно решение или пак не треба да се поставува како услов, а тоа да биде еден од критериумите при избор, кој треба да го има предвид управниот одбор кој треба да го именува директорот.

Овој член 16, што се однесува на изборот на Директор на Академијата, морам да го доведам во контекст со членот 19, а членот 19 се однесува на лицето кое со полн капацитет може да го замнеува директорот кога тој е отсутен или е спречен да ја обавува својата функција од различни причини. Директорот може да биде со 10 години работен стаж судија или обвинител, а за неговиот заменик не е проблем воопшто да не биде судија, не е проблем да не биде обвинител, меѓутоа, не е проблем ниту да има помалку од десет, односно осум години работен стаж, за да може со полн капацитет да го замнеува директорот во вршењето на неговата функција. Јас не ја гледам причината зошто различни услови се поставуваат за директор и за заменик директор кога се работи за иста одговорност.

Понатаму, во кој случај може да се разреши директорот и заменикот?

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, уште седум минути. Само да ве предупредам ако може да завршите до паузата, завршете.

**Блаже Стојановски:** Благодарам за предупредувањето.

Значи, разрешувањето на директорот и заменик директорот може да го направи Управниот одбор, поради незаконито и неодговорно вршење на функцијата, поради неодговорно и незаконито управување со финансиските средства - тоа мислам дека ја апсорбира првата точка, првата точка ја вклучува во себе си и втората. Во третата точка стои "поради неспособност за работа поради болест". Јас би го прашал предлагачот, а што ако е неспособност за работа поради други причини, не поради болест. Дали тогаш ќе може Управниот одбор да го разреши директорот на оваа институција. Значи ако веќе се дефинира нешто, нека се дефинира поопшто затоа што се знае неспособноста за работа што претставува.

Едукатури во Академијата за почетна обука, тука морам да наведам, бидејќи малку време има уште, а сакам да завршам до паузата, што претставува и кои се главните проблеми кои треба да ги реши оваа Академија. Ќе го кажам во глобала моето размислување во контекст на конципирањето на статусната поставеност, а што треба да работи и што треба да се постигне преку оваа академија. Јас мислам дека основна цел која треба да ја има пред себе Академијата треба да биде обуката која е поставена на три столба, ако може така да се каже. Тоа е иницијална или основна обука, на која треба да се обучуваат идните обвинители и судии иницијално, значи почетно, потоа континуирана обука која треба да ја остваруваат веќе избраните судии и јавни обвинители и понатаму обучувачите треба да имаат своја сопствена обука, со цел да бидат посестрано обучени за да можат тие свои знаења и практични искуства да ги пренесат на оние кои ги обучуваат.

Овде треба да се посвети многу повеќе внимание во овој закон, затоа што тоа претставува, како и суштинската обврска на оваа Академија. Понатаму, сметам дека сето ова што се предлага со овој закон, а што го кажав како забелешка треба да се разгледа, треба да се види, да се размисли од страна на Министерството и да се додаде само на тоа, членот 34, тоа е за колегите Албанци, значи Владата предвидела правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на заедниците во Република Македонија и во овој закон, да не водат грижа за тој дел, иако повеќе пати беа наведени тие прашања и континуитет.

Членот 47 во Преодните и завршните одредби наведува дека Академијата за обука на судии и обвинители претставува континуитет и институционална надградба над работата на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија. Не би сакал да се мешаат, како што кажав пред малку, здруженија со јавни овластувања. Дали тоа здружение досега имаше по некој закон јавни овластувања, или можност на официјален начин, согласно закон или Устав, да врши едукација? Не може ова да претставува

континуитет на нешто што не е дадено како одговорност, туку може да биде како сосема нова институција која треба да ги оствари целите кои ги има Република Македонија во контекст на Евроатлантското интегрирање итн., приближување констандардите за влез во ЕУ итн., заз кои многу слушаме тука.

И главната поента, која што е дадена во членот 48, овој центар кој што е при Здружението на судии не треба повеќе да се грижи за своите вработени затоа што државата Република Македонија од својот судски буџет понатаму, или од државниот буџет ги презема на работа вработените во Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите кои продолжуваат да ги вршат работите и работните задачи во Академијата.

Значи овде не се остава Управниот одбор да донесе одлука во оваа смисла, не се остава простор, како што е наведено во Законот, да се направи систематизација, број на работни места, да се конципираат, стручна служба на академијата туку му се дава готов број на лица кои се со определена стручна подготовка и му се дава обврска нив да мора да ги прими, затоа што социјалниот аспект, јас се согласувам дека е битен, меѓутоа, ваков социјален аспект требаше Владата на Република Македонија да почитува и во многу други случаи.

Сметам дека доволно наведов, времето е току, сега е 13,59 часот и имајќи ја предвид прецизноста на претседателот на Собранието и неговото укажување од пред седум минути, би завршил тука и се надевам дека ќе имаме простор да ги продлабожиме овие дискусии.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојановски.

Можам ли јас еден мал коментар да дадам? Имам една минута до паузата.

Господине Стојановски, јас сум фасциниран од вашата способност во една реченица од три збора да најдете пет забелешки. Немаше ниедна реченица, ниедно решение каде што вие не изразивте сомнеж. Тоа е добро, сомнежот ја движи цивилизацијата. Но, кажавте што е подобро. Со воодушевување ја чекам конечната форма на законот и вашите, бидејќи имавте над 100 забелешки, вашите 100 амандмани, за да можам да споредам што е подобро, она што вие ќе го понудите како решение преку амандмани или ова што е понудено сега.

Повелете една минута.

**Блаже Стојановски:** Господине претседателе, јас можам да ви понудам, а Владата ги има земено предвид компаративните искуства, можам да ви дадам податоци кои се однесуваат на состојбите во судството во Република Македонија. Можам да ви го дадам образложението кое што го има во контекст на Стратегијата за реформи во судството и оттука, имајќи го предвид ограничениот период на дискусија, сметав дека е многу подобро да укажам на грешките кои се провлекле во овој закон со цел тие да се исправат, а сметам дека Министерството за правда има капацитет да ги надмине овие грешки и на тој начин да се донесе еден квалитетен закон.

**Љупчо Јордановски:** Добро, во случај да не е така, јас ги очекувам вашите амандмани.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часост).

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Има збор Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, колеги пратеници, господине заменик минситер.

Денеска имаме еден многу важен и сериозен закон кој што се однесува на реформите во судството, затоа што со овој закон впрочем се воспоставува еден многу поинаков систем на селекција, на едукација и на унапредување во кариерата на судиите и на обвинителите. И добро е што овој закон предизвика многу дискусии за мене доста плодни кои што сметам дека дел од забелешките ќе најдат место подоцна во Предлогот на законот.

Дозволете уште на почетокот да искажам големо задоволство, затоа што по овој закон околу потребата од донесување на овој закон дефинитивно значи немаме дилеми и кај пратениците од позицијата и кај пратениците од опозицијата. Добро е ова, затоа што овој вака подготвен текст можеме мирно да го гледаме и слободно да дискутираме во функција на унапредување на предложените решенија. Значи, за потребата нема да дискутирам, затоа што е неспорна. Само ќе потенцирам дека практично со овој закон се зајакнува независноста, кредибилитетот на судството и дефинитивно веќе судството не треба да биде под влијание со овој закон, значи се обезбедува да не биде под влијание на политичките гарнитури. Исто така,овој закон ќе придонесе за ефикасност на судството. И она што е особено значајно за мене, зголемување на спроведување на правдата и донесување на квалитетни судски одлуки, и на крајот на краиштата и градење на принцип на вредности.

Почитувани колеги, јас голем дел од моите забелешки ги искажав на Комисијата и тие се содржани во Извештајот. Но, ќе укажам само на некои карактеристични и суштински мои забелешки по однос на содржината на законот. Имам две општи забелешки, а тоа беше мојата дилема, дали овие предложени решенија ќе бидат конзистентни и усогласени со уставните амандмани. И еве непосредно пред отпочнувањето на оваа седница ги добивме нацрт уставните амандмани и ова го прифаќам дека е пуштен законот во процедура и се донесува во две фази со цел да се добие во време, за да можеме да ги тераме двата проекти одеднаш.

Секако сигурно прво ќе бидат донесени уставните амандмани, а покасно овој закон.

Втората моја забелешка беше, околу условите кои што треба да ги исполнуваат кандидатите за судии и обвинители, треба да се усогласени по однос на звањата со образованието со кое што се стекнуваат дали се усогласени со Болоњската декалрација. Госпоѓата министер објасни и тоа значи дека за овој период додека се едуцираат кадри од оваа област по оваа декларација, значи ние мораме да имаме еден преоден период и овие се усогласени со сегашната состојба, што значи дека подоцна ќе мора да се менува во оваа насока законот. Но, тоа не значи дека ние не треба да работиме на оваа проблематика.

Првото мое укажување по однос на содржината на законот е точно насловот на законот. Насловот на законот е Закон за академија за обука на судии и обвинители. Мислам дека насловот не соодвествува со предложените решенија во законот, затоа што подоцна ако го разгледаме ќе видиме дека овој закон, односно оваа Академија не е само за обука на судии и обвинители, туку дури и за обука на службеници во Министерството за правда. Значи, околу насловот на законот предлагачот треба да поразмисли и да види кој наслов поточно ќе биде определен подоцна.

Мојата следна забелешка е на органот на управување во однос на Академијата, а тоа е Управниот одбор што е регулирано со предложеното решение од членот 8. Меѓутоа, моето укажување нема да биде како она укажување на еден претходен дискутант гледано од политички аспект, но од сосема друг аспект. Органот на управување, односно Управниот одбор на Академијата, членовите кои што го сочинуваат овој Управен одбор практично сите се од правосудството. Ако се прочитаат и ги читаше претходно пред мене еден од дискутантите, ќе видиме дека тука членови се по функција претседател на Врховен суд, Јавен обвинител, судии, од Јавно обвинителство, Министерство за правда и т.н. Меѓутоа што е она што јас сега сакам да го кажам. Исто така, ја почитувам забелешката дека навистина имаме преклопување на функциите тука по функција членови на Управен одбор каде што по функција и претседателот е надлежен орган за избор на судии, тоа сега во уставните амандмани кои што ги добивме е претседателот на Врховен суд и пак претседателот на Врховен суд. Меѓутоа тоа ќе си го усогласи предлагачот во Предлогот на законот. Но, што е она што јас сакам да го кажам. Сите овие реформи што сакаме ние да ги спроведеме и донесуваме закони кои што се однесуваат на судството се во функција на осамостојување на судството како трета независна власт. Меѓутоа,почитувани колеги, ако ги видиме уставните амандмани каде што се заговара, односно каде што се предвидува орган кој што ќе врши избор и именување на судии да е Државниот судски совет и составот кој може да биде член на овој совет. Тоа се претежен број на членови од судиите, потоа ако се види дека Управниот одбор на Академијата, односно неговите членови претежно се исто така од редот на судиите, ако се види понатаму дека програмскиот совет пак е составен од членови на судии, Комисијата за квалификација пак од судии, Комисијата за полагање пак дел од судии. И се плашам дека практично сакајќи да создадеме независна судска власт, да не направиме точно затворена судска власт која што ќе одлучува сама за себе, како за селекција, така за обука, така и за унапредување. Јас не ги гледам работите како некои од претходните дискутанти со име и презиме на носителите на функции, затоа што носителите на функции се менуваат или со истек на мандат, или од други причини. Меѓутоа, јас ја гледам работава глобално, принципиелно. Значи, тука треба предлагачот во изготвувањето на текстот на законот сериозно да се поразмисли околу ова мое укажување. Понатаму, околу членот 8 и членувањето во Управниот одбор на судии и обвинители се поставува прашање за усогласеноста на ова решение со Уставот и Законот за судови и Јавно обвинителство каде што е предвидено носителите на овие функции, односно оваа функција е неспоива со вршење на други функции. Значи, треба да се поразмисли околу неспоивоста на функција судија и јавен обвинител со други функции. Јас пак ќе потенцирам, нема да ги кажувам сите мои забелешки, туку само посуштинските, затоа што се содржани во Извештајот.

Моето посериозно укажување е по однос на работата и начинот на одлучување на Управниот одбор. Тоа е регулирано во членовите 13 и 14. И сметам дека овие одредби потребно е да се прецизираат, затоа што Управниот одбор има сериозни надлежности и многу е важно мнозинството на одлучување. И во оваа смисла сметам дека потребно е ставот 3 на членот 13 да се прецизира мнозинството со кое што Управниот одбор одржува седници, а тоа е "присутност на повеќе од половина од членовите", не "од членовите", туку од вкупниот број на членови.

Понатаму забелешката на членот 14 став 3. Исто така членот 14 го уредува прашањето на мнозинството со кое се донесуваат одлуките на Управен одбор. И во ставот 3 дадена е една одредба која што практично се дава можност до колку Управниот одбор не може да го обезбеди потребното мнозинство за донесување на одлуки на седницата закажана повторно, значи не мора да има мнозинство од вкупниот број на членови. Околу оваа одредба треба посериозно да се размисли и да се уреди прашањето се со цел оваа одредба да не се користи за манипулација при донесувањето на одлуките од страна на Управниот одбор, како што кажав Управниот одбор има сериозна надлежност.

Мое размислување околу членот 19 кој што го регулира прашањето за условите за заменик директор на Академијата и беа искажани различни мислења, дали заменикот директор на

Академијата треба да поседува диплома за завршен Правен факултет во Република Македонија. Да, затоа што се работи за кандидат, односно за функционер кој што ќе раководи со институција која што има сериозни обврски, односно надлежности во судството. Сметам дека треба добро да се познава судскиот систем и севкупно правниот поредок во државата. Елаборирајки ги моите аргументи и забелешки во врска со членот 8, си поставувам прашање, дали комисиите за полагање на завршниот испит, односно тоа е членот 39, дали Комисијата за полагање на завршен испит, членовите на Комисијата кои што се од редот на едукаторите, дали може тој што едуцирал исто така да спроведува завршен испит. Дали тука ќе имаме објективност при утврдувањето на резултатите од завршниот испит, затоа што подоцна претседателот на Комисијата за полагање на завршен испит составува ранг листа од која што ќе се избираат подоцна судиите, односно овие луѓе кандидати претставуваат потенцијални носители на функцијата судии и јавни обвинители. Исто така, тука моја дилема е, дали овие комисии со оглед на тоа што во овие комисии ќе членуваат како во Комисијата за полагање на завршен испит, така и Комисијата за квалификација и прием во нив ќе членуваат и судии. Се поставува прашањето дали овие членови на комисии, односно дали овие комисии ќе примаат надоместок.

По однос на членот 40 систем на вреднување на успехот на кандидатите каде што е дадено членот 40 тоа е ставот 4, претседателот на Комисијата за полагање на завршен испит да составува ранг листа за Управниот одбор на Академијата. Но, никаде од содржината на законот не можам да видам дали кандидатот кој што евентуално не е задоволен од таа ранг листа има некаква правна заштита, или пак предлагачот смета во друг подзаконски акт ова да го регулира. Но, сепак јас сметам дека заштитата претставува материја која што треба да биде регулирана со закон.

И на крајот мојата забелешка по однос на член 55 која што се однесува на стручно усовршување на новоизбраните судии и новоименуваните обвинители кои што не посетувале Академија и кои имаат помалку од 3 години судиско, односно обвинителско искуство. Тука оваа одредба дека ќе остваруваат едукација во време од три месеци во Академијата, Јас сметам дека оваа одредба треба посериозно да се разработи и прецизно да се утврди. А имајки го во предвид нацрт уставниот амандман каде што се предлага таканаречен пробен мандат, дали посетителите на Академијата, односно судиите и обвинителите кои што немаат тригодишно исксутво ќе бидат подложени на полагање на ваков испит, или не. Во ставот 2 кој што се однесува на програмата за стручно усовршување од ставот 1, мислам дека поконкретно треба да се прецизира на која, каква програма и како ќе се донесува се со цел да се избегнат дилемите. Ова се моите посуштински забелешки. Како што кажав останатите забелешки се искажани на Законодавно-правната комисија и очекувам предлагачот барем дел од овие мои забелешки да ги вгради во текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор господинот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата. Досега исслушавме повеќе пратеници кои укажаа на позитивните страни и слабостите на Предлогот на законот. Ќе се обидам и јас да дадам свое размислување, свое видување кое сметам дека ќе му помогне на предлагачот во втората фаза да понуди нешто поквалитетно отколку што е овој закон. Ќе настојувам да избегнам тоа што го спомнаа колегите, да не се повторуваме бидејќи дали еднаш, или два пати нешто ќе се каже, сепак, предлагачот треба да има чувство тоа што чини и не чини, да го прифати, или не. Многу од колегите прифатија дека не е спорна потребата од донесување на ваков закон. За мене е дискутабилно дали треба, или не треба што укажува дека засега ние имаме закон со кој на еден начин се едуцираат и се проверуваат кадрите за судии, обвинители и адвокати. Тоа е законот за полагање на правосуден испит кој закон досега функционира, функционира долго време. Во едно поодминато време за судија, или обвинител беше потребно да се положи само правосудниот испит и да биде избран, а тоа беше од неговото полагање да поминат две години приправнички стаж, да го положи испитот и тој ги исполнува условите. Со развојот на времето, со донесувањето на Законот за судовите покрај тој услов за полагање, да има положено правосуден испит,се стави и друг критериум да може да биде избран за судија кандидат кој што после полагањето на испитот работел уште 5 години на правни работи, ништо повеќе. Денеска со овој закон се предложи уште нешто друго, уште едно полагање. Дали е тоа потребно? Дали е доволно анализирано ако тргнеме од потребите од реформите во судството дека и овој закон со оваа правна регулатива нешто ќе подобриме повеќе од тоа што е засега.

Се спомнува дека судството е неефикасно, судството е корумпирано. Дали токму со овој закон неефикасноста на судството ќе биде отстранета и дали неефикасноста исклучиво се однесува дека судиите се неуки, недоволно ја познаваат работата,завршиле Правен факултет изгледа погрешно, положиле правосуден испит погрешно, дошле и погрешно за судии и не може да ја вршат работата. Токму овој закон ќе ги обучи, што три месеци ќе одат на обука со предавања и уште 12 месеци кај некој судија ќе бидат под контрола, ментор ќе им биде судија и ќе полагаат испит.

По овој закон се искажаа неколку од пратениците што и кај мене ја создава таквата дилема дека ќе придонесе повеќе или помалку, што настојуваме на било кој начин, врши огромен притисок

Европската унија да го ослободиме судството од законодавната и извршната власт и да биде независно. И тоа на некој начин се обидовме и се обидуваме со измените на Уставот, кои што следат, а потоа ќе уследат и измените на Законот за судството.

По однос на ефкасноста на судството, направивме квалитетни измени во донесувањето на процесните закони: Законот за кривичната постапка, Законот за парнична постапка кој е уште за гласање, кои дадоа едни доста квалитетни одредби, да биде и те како поажурно судството. А со овој закон сметам дека најмалку ќе се помогне на тоа, а во колку имаме такви анализи, има пропусти во изборот, имало досега по однос на квалиетот на кадрите, а со ова мислам дека се створа токму уште едни услови за да ги избират пак такви кадри, дали ќе бидат мои блиски, блиски на другиот,што уште со поведувањето на постапката за едуцирање,обучување на овие кадри, уште од почеток ќе правиме селекција кој може да дојде, да биде во оваа, да се обучува преку оаа таканаречна академија,што е и те како спорна, што треба да го кажам на почетокот за насловот,а ќе кажам на крајот.

Селекција да се пријави некој да се обучува или да полага, испит, сметам дека е тоа катастрофа, според мене. Еден наш колега, правник, завршил правен факултет, положил правосуден испит, како што стои во овој Предлог-закон и на крајот ќе му кажете дека вие не можете да одите на дообучување четири месеци и да полага. Сметам дека токму тука ќе се создаде тој филтер каде што уште сега го програмираме патот кој може да влезе во судството. Тоа зборуваше и пред малку колешката Цветанка, што посебно ја поддржувам во тој дел дека, сакајќи да направиме независно судство, да не го направиме премногу самото од себе си зависно да не може баш никој да погледне во него. Ќе треба малку поинаку да размислуваме во тој дел, да не гледаме чисто политички, денеска дали јас ја имам власта, утре ќе бидеме во обратна положба, туку да направиме такво нешто со законите да не може, било кој да се менува во власта, да може да го контролира судството а да не може да му влијае. Има такви механизми.

Ако би оцениле дека на судството му треба едукација или на судиите, во овој закон е предложено да има можност да се едуцираат идни судии, сегашни судии, што за мене е неприфатливо при постоење на Закон за правосуден испит. Може да се направи и закон за едуцирање на судии кои се на работа, што би имало логика, доколку на било кој начин некој од извршителите на судската функција е промашено избран или не сака да ја врши работата совесно, може да се подвргне на таква контрола, обука, дообука, обучување, па да дојде и редот на отпуштање на истиот од функцијата, одземање на функцијата.

Инаку, однапред, кандидати кои го положиле правосудниот испит, уште еднаш да полагаат, да се едуцираат, да станат судии или обвинители, тогаш законот е едностран. Не ги бираме судиите заради тоа што треба да бидат судии и обвинителите или да бидат многу квалитетни, така што фали уште една алка во правосудниот систем. Ако имаш судија, му треба обвинител, странка, а треба уште една странка. Каде е адвокатурата? Дали адвокатурата е доволно, таква каква што е или не ни треба тој сегмент? Доволно ќе е еден да обвинува другиот да осудува?! Ќе ни треба и одбрана.

Во правото има една позната поговорка, подобро сто виновни на слобода отколку еден прав во затвор. За да не отиде и тој еден, да не се направи тој пропус, ни треба јака адвокатура. Засега, таа е послабо поставена. Ако од првостепените судии се бара по полагањето на правосудниот испит пет години работа на правни работи, за да може да конкурира кај адвокатурата, засега тоа го нема. Туку, по полагањето може да биде веднаш адвокат. Таму ни треба нешто како законодавен дом, како влада, да водиме сметка во целина за заштитата на правата на граѓаните во Република Македонија. И затоа не е доволно само ова за судството и не се доволн само овие одредби во законот што за мене, сепак, укажуваат на однапред дефинирање и уредување на патот кон судиите, кој може да биде судија. Како тоа што го зборуваме сега во медицината, на Медицинскиот факултет или во Државна болница како доаѓале децата на лекарите,така ќе ги направиме и децата на судиите или на било кој да ги спроведеме, да дојдат на тој пат на селективен начин да не може секој.

Нам ни се потребни квалитетни кадри, квалитетни луѓе и сметам дека предлагачот на Законот во втора фаза мора да го остави отворен тој оглас кој сака да оди да се дообучи и да полага. Да имаат еднакви права при изборот. Или, овој закон да важи само, да се направи така, по изборот на судии обвинители да се дообучуваат во одредени работи, ако се појави таква потреба.

Јас не верувам дека нашите судии, обвинители се толку назад во знаењето и умеењето во однос на европските судии. Мислам дека се исти а може и подобри. Не треба толку да се потценуваме дека со оваа школување што се предвидува во овој закон дека ќе направиме до тој степен квалитетни судии и обвинители. Тие се и сега квалитетни.

Основно е што до сега беа притиснати од овиее две власти каде што на судството не му дадовме да дише слободно.

Со измените на Уставот, сметам дека тоа прашање ќе биде решено и многу малку ќе има потреба од оваа работа, од овој закон. Овој закон само ќе служи да не бидат овозможени сите заинтересирана да конкурираат за судии при првото извбирање. Затоа сметам дека предлагачот малку поголемо внимание треба на тоа да обрне и те како уште консултации со факултетите, со Правниот факултет. Сепак, кадрите ги произведува Правниот факултет. Ако тој, за сега е исклучиво теоретски, таму може да

се обавува и практичниот дел. Студентите да научат и да видат што е тужба, пресуда, жалба, а не само тоа да го учат теоретски и на памет.

Прашање е колку е можеме ние за три месеци, некоја обука, што ќе ја обавува некое едукативно тело, дека ќе ги научи до тој степен. Само може да ми даде виза дека ќе поминам, со што може да се појави корупција и да плати некој да помине таму.

Затоа мора да има слобода во тој дел, во наобразбата. Ги поминал сите фази го поминал правосудниот испит и да ме селектира некој - не можам како другиот.Тоа е апсудно нешто.

Некој од колегите зборуваше, да нема право на жалба ако го одбијат, не му допуштаат да полага. Прашањее е дали може, не положил два пати, не му дава право да полага. Дали може да побара друга комисија, дали може да се каплицира таа комисија што го сослушува и што полага. И е како на тој план мора да водиме сметка, да бидеме правични и да имаме правично судство, обвиниелство правини адвокати.

За адвокатурата мора да се најде место. Дали во овој закон, бидејќи истата е вкопена во Законот за правосуден испит. Овде го спомнуваме правосудниот испит како услов да може да се јави. Тоа е за мене малку чудно. Овој закон да е малку на повисок степен од Законот за правосудниот испит. Нема новини во него. Исто е. Три месеци ќе го подготвувале и ќе оделе уште една година во суд или обвиниелство, а тој треба две години да оди да полага правосуден испит.

Како не би одземал многу време, самиот наслов на законот, реков дека ќе кажам на крајот, не може да биде Закон за академија, барем за мене. Се знае што е академија. Академија на науки, може да биде само центар за обука на судии на обвинители, па и адвокати. Ако сакаме исклучиво за правосудството. А, за органите, за работници во органите на управата, се полага посебен државен испит во Агенцијата за државни службеници и сметам дека не треба да ги опфаќаме и службениците во органите на управата во овој закон.

Толку би имал. Можда би допуштил и да гласам за него, но предлагачот треба многу да размисли, да предложи нешто пореално, нешто што може да помине. Не вакво нешто како што е ова, сметам дека е воопшто неприменливо и непотребно, ваквиот закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Манев.

Има збор господинот Хасипи Кенан, повелете.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници,

Предлогот за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители предизвика огромен интерес и жестоки расправи на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Дотолку повеќе, бидејќи се работи за конституирање на нова институција чија основна цел е не само иницијална обука на кандидати за судии и обвинители, туку и континуирано едуцирање на судиите и обвинителите за да се обезбеди стручно, совесно и независно вршење на овие одговорни функции.

Интенција на законот е на едно место да го уреди статусот, дејноста, органите на управување и раководење, финансирањето, како и начинот и условите под кои ќе се врши иницијална обука на кандидати за судии и обвинители и нивно континуирано стручно усовршување како еден од елементите на реформа во правосудниот систем.

Ова не случајно го напомнувам бидејќи на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците се отворија одредени прашања што не само што беа упатени на погрешна адреса, туку дури се обвини Владата дека со понудениот закон инсталиран паралелен образовен систем наспроти постојниот на Правниот факултет, Универзитетот во целина и МАНУ.

Дека, со владиниот предлог на оние кои го донесоа судството до овој степен им се дава шанса да едуцираат судии обвинители и дека законот овозможува двојство на функции и конфликт на интереси, бидејќи за членови на Управен одбор на Академијата се предлагаат носителите на најодговорните функции во Врховниот суд, Јавното обвинителство, Министерството за правда и слично. Посебно индикативно беше тврдењето на одредени пратеници за комплетна корумпираност на правосудниот систем, повикувајќи се на одредени извештаи на Меѓународната заедница и тврдењето дека не можат корумпирани судии да се доведат на позиции да едуцираат судии и обвинители.

Почитувани колеги,

Потребата за реформа на правосудниот систем произлезе од воочените слабости и девијации во нејзиното функционирање, за што постоеше не само консензуална согласност меѓу политичките субјекти, туку тоа го констатираа и претставниците на Меѓународната заедница во Република Македонија. Сето тоа беше причина да се оспори независното, стручното и совесното вршење на судската функција. Се оцени дека за надминување на состојбите треба да се извршат измени во Уставот, бидејќи уставната рамка во сферата на правосудниот систем е претесна, не овозможува целосна независност, стручност и професионалност во вршењето на функцијата судија или обвинител.

Во тој контекс се иницираа уставни измени и веќе Нацрт-амандманите се доставени до пратениците. Верувам дека во текот на месецот ќе бидат предмет на расправа на пленарната седница на Собранието на Република Македонија.

Меѓутоа, ваквите состојби во правосудниот систем никому не му даваат за право да примени знак на еднаквост и целиот правосуден систем да го прогласи за корумпиран. Уште помалку,

доколку тоа го прави повикувајќи се на извештаите на Меѓународната заедница, кои што во ниту еден момент не излегоа со вакви квалификации за целиот правосуден систем. Ова, дотолку повеќе што состојбите не само во судството и обвинителството, туку и во другите свери на општествено-политичкиот живот се рефлексија на севкупните состојби во државата, така што гледајќи низ таа диоптрија, не постои свера на општествено-политичко живеење што е имуна на корупција и други облици на девијантно функционирање. Впрочем, ваквите оценки длабоко ги повредуваат чувствата на голем број судии, обвинители кои совесно, стручно и професионално ги извршуваат своите обврски, т.е. во согласност со Кодексот на судската и обвинтелската функција.

Законот што е предмет на денешната расправа не само што со ни една своја одредба не остава простор за натамошно коруптивно дејствување, туку напротив има за цел преку иницијално и континуирано едуцирање на судската и обвинителската фела да обезбеди инсталирање на објективни критериуми на професинални, морални и етички квалитети при селекција на кандидатите за обука на судии и обвинители.

Се разбира дека сум далеку од помислата дека законот е идеален и дека нема и подобри решенија. Впрочем, и самиот се полемизирам со одредени решенија во законот, но потребата за донесување на еден ваков закон е неминовна во услови кога се вршат крупни реформи во правосудниот систем.

Ако добро се анализираат препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа за независноста, ефикасноста и улогата на судиите ќе се воочи дека за ефикасно, стручно и професионално вршење на функцијата судија, не е доволно само соодветно стручна подготовка, туку континуирана и бесплатна едукација на кадрите за да се применат новините во законодавството и судската пракса не само на домашно туку и на меѓународно ниво.

Овие препораки и практицирањето на ваквите решенија во земјите со напредната демократија најдиректно ги побиваат тезите дека со конституирање на Академијата се инсталира паралелен образовен систем вон Правниот факутлет, Универзитетот во целина и МАНУ.

Мислам дека ваквите тврдења се тенденциозни и директно се косат не само со наведените препораки на Комитетот на министри при Советот на Европа, туку и со Европската повелба за статусот на судиите и сл.

Второ, наполно се согласувам дека ние можеме да спориме за одредени решенија предвидени во законот, за што впрочем се произнесоа голем број на дискутанти пред мене. Се постави прашањето дали начинот на конституирањето на Управниот одбор е соодветен. Дали членувањето во овој Управен одбор на министерот за правда, Јавниот обвинител, претседателот на Врховниот суд и слично не е двојство на функции или конфликт на интереси. Притоа, освен атак врз понуденото решение, не се понуди никакво алтернативно решение.

Лично мислам дека Академијата не е институција вон правниот систем ниту пак механизам инсталиран за контрола на функционирањето на правосудниот систем. Гледано од таа гледна точка, сметам дека членувањето во Управниот одбор на Академијата на носителите на најодговорните функции во правосудниот систем, ќе овозможи комплетно евалуирање на состојбите во правосудниот систем и превенција на девијациите во него. Се разбира дека нивното членување во Управниот одбор на Академијата сосема оправдано ќе го отвори прашањето за политичките елементи во функционирањето на Академијата. Особено во селекцијата на кандидатите за обука на судии и обвинители, но лично сметам дека не постои модел на избор на Управниот одбор со кој целосно ќе се елимира политичкиот елемент.

Од друга страна на носителите на ваквите функции, се работи за менлива категорија, т.е. не се ексклузивитет само на еден политички субјект. Се разбира дека во овој дел има простор за поинакви решенија, доколку има јасни предлози околу начинот и постапката на избор на членовите на Управниот одбор на Академијата.

Анализирајќи го текстот на законот паѓа во очи дека е предвидено директорот како орган на раководење со Академијата воедно да е и член на Управниот одбор на Академијата. Мислам дека решението не држи дотолку повеќе што директорот за својата работа одговара пред Управниот одбор и би било нелогично да е нејзин член.

Во делот каде се предвидени критериуми за избор на директор и заменик директор на Академијата ќе се воочи дека има разлика не само во должината на потребниот стаж. За директор е предложено најмалку 10 години, а за заменик директор 8 години, туку и по тоа каде се стекнале со соодветни квалификации. За заменик директорот е предложено тоа да биде Правен факултет во Република Македонија, а истото не е предложено за директор на Академијата.

Мислам дека сосема непотребно се дискриминираат лица кои се стекнале со соодветни квалификации на универзитети вон земјата дотолку повеќе што може да стане збор за елитни универзитети за многу од земјите членки на ЕУ, а една од целите на Академијата е запознавање и усогласување на домашното законодавство со законодавството на ЕУ.

Понатаму лично сметам дека е потребно да се преиспита зошто принципот на правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците на Република Македонија е предвиден само при селекцијата на кандидатите за обука на Академијата, а не и во нејзините органи, како што се Управниот одбор, Програмскиот совет, стручните служби на Академијата и др.

Понатаму, дали е упатно во услови кога се бара независност на правосудниот систем, освен судскиот буџет како извори за финансирање на Академијата да се предвидат донации и подароци особено ако се во прашање физички лица, па дури да се преиспита формулацијата во која се вели: "Академијата не може да прифати средства со чие обезбедување се доведува во прашање нејзината независност", која е прилично воопштена формулација.

Освен тоа има и забелешки околу називот на законот дали е најсоодветен или не, начинот на одлучување во Управниот одбор на Академијата и сл..

Според тоа, постојат бројни прашања по кои е вредно да се продискутира се со цел законот да содржи издржани решенија за да ја постигне целта, а тоа е стручно, професионално и независно вршење на судската и обвинителската функција. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Се согласувам дека е вредно да се продискутира, но немојте овде да дискутирате, дискутирајте на работни тела.

Повелете, господинот Аднан Ќахил не е тука, господинот Зоран Томиќ не е тука, господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе.

Ќе настојувам да бидам краток и да го кажам моето мислење во врска со овој закон кој има голема важност за целиот правосуден систем во Република Македонија.

Стратегијата на правниот систем кој Владата на Република Македонија ја донесе во 2004 година покрај слабостите на овој систем се нагласува и непостоењето на еден систем за постојана едукација на судии, обвинители и друг персонал вработен во судовите и Јавното обвинителство.

Среќа што ова влијаеше непосредно во вршењето на функцијата- судија или обвинител.

Од независноста на Република Македонија до денес оспособувањето е направено на судиите и на обвинителите од разни центри како Центар за постојана едукација кој е основан во 1999 година во рамките на Здружението на судиите кое истовремено беше и продолжение на Комитетот за едукација.

Едукацијата на јавните обвинители се вршеше преку Здружението на јавните обвинители. И покрај тоа преку овој Предлог-закон се сака да се предвиди еден систем за оспособување и селекција соодветен на континуитетот на судиите и јавните обвинители покрај основањето на институциите за едукација на судии и јавни обвинители.

Моја оценка е дека преку овој Предлог-закон ќе се постигнат одредени цели со кои ќе одвојам две.

Најпрвин ќе се зголеми професионалноста, а со тоа и независноста на судството.

Второ, ќе се постигне целта и во оваа област да се усогласи нашето законодавство со многу документи од меѓународен карактер.

Велиме дека ќе се зголеми професионалноста, бидејќи преку овој Предлог-закон се предвидува обука на кандидатите за судии и јавни обвинители кои во голема мерка ќе елиминираат одредени политички влијанија, додека преку селекцијата на кандидатите кои се јавуваат на приемните испити, времетраењето на обуката и посебно завршниот испит, со што ќе се влијае на зголемувањето на професионалноста. Но, и покрај тоа сакам да нагласам дека на оваа Академија ќе има постојано стручно оспособување на судии и обвинители преку одредени програми од посебен или специјализиран карактер со кои нормално ќе се опфатат одредени измени на правната регулатива во разни области како материјалната така и во професионалната област.

Како што реков и претходно со овој Предлог-закон се сака да се усогласи нашето законодавство со многу меѓународни документи од областа на правосудството како што се препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа, Европската повелба за статусот на судиите и други документи.

Сакам да кажам неколку мои проценки и забелешки по однос на текстот на Предлог-законот.

По однос на членот 8 за кој имаше забелешки, се приклучувам кон овие забелешки и ценам дека не е најдоброто решение ова што е понудено, како управен орган да биде Управниот одбор, бидејќи ценам дека имаше можности во оваа насока да се најде некое друго решение кое можеби би било поповолно за правниот систем во Република Македонија.

Во правните компаративни системи има решенија и можеби би било добро предлагачот во втората фаза да го има во предвид и јас ќе ви понудам на пример прашање на менаџирање или управување со оваа Академија да се врши од некој друг орган, а не од Управниот одбор.

Друга забелешка како што се кажа од некои претходни дискутанти е во однос на членот 19 став 2 точка 2 каде се предвидува посебен услов само за замеником директор, а не и за директорот и што е поинтересно како услов се поставува завршен Правен факултет во земјата. Во услови кога го усогласуваме нашиот образовен систем, зборувам за високото образование, со Болоњската декларација, декалрација која бара една мобилност, што подразбира? Упис на студенти на еден факултет, а за вршување на други факултети. Не знам навистина зошто предлагачот ни дал еден ваков предлог?

Друга забелешка имам во однос на членот 23 и членот кој е во однос на Комисијата за прием и полагање на професионален испит. Не знам зошто предлагачот во овие органи кои се професионални, стручни органи, нема

предвидено на експлицитен начин значи со закон како членови на овие комисии да бидат и професори, мислам на универзитетски, па дури во оваа насока би било добро со закон експлицитно да се предвиди мнозинството на членовите да бидат од овој ранг, да бидат универзитетски професори.

Понатаму друга забелешка е во однос на прашањето на приемот на кандидати или едноставно речено во членот 36. Доколку внимателно се анализира овој член ќе се увиди дека кандидатите за да се запишат на оваа Академија, покрај другото, треба да го имаат положено правосудниот испит. Доколку внимателно се анализира статусот на еден правник кој треба да има завршено Правен факултет, положен стручен испит, да стекне статус на кандидат на Академијата, да го даде завршниот испит и во сите овие фази на крајот треба да биде кандидат за судија.

Мојa оценка е дека и покрај се ова се неколку бариери, пречки кои во суштина, како што се кажа од некои други дискутанти, во одредена мерка вршат ограничување на правниците да го стекнат статусот на судија, нешто што ценам дека би било добро да се изнајде друго решение.

На пример, ценам дека би било добро на оваа Академија да се примаат дипломирани правници, но кои го немаат дадено правосудниот испит, затоа што, ќе повторам, ценам дека правосудниот испит е плус пречка која во одредена мерка ги ограничува правниците за да можат да се јават на оваа Академија преку што ќе го стекнат статусот на кандидат за судија.

Понатаму, ценам дека, како што кажаа претходни колеги, би било добро како општа забелешка во друга фаза во органите на Академијата да се предвиди правична и соодветна застапеност. Тука би поставил едно друго прашање. Добро е предлагачот да изнајде можност на утврдување на јазикот на обуката на кандидатите за судии. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска три минути реплика.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, јас би сакала да му реплицирам на колегата Аднан Јашари кој исто така е правник како мене по вокација токму во делот на правосудниот испит.

Вака колега Јашари. Дали секој може да биде судија? Дали секој ги има квалификациите за да биде не судија како функција, значи човек кој има искуство, зрелост и мудрост правилно да пресуди. Затоа сите овие фази се неопходни, неопходно потребни, не знам дали вие сте го положиле правосудниот испит, не ми е познато, меѓутоа, сте завршиле Правен факултет, ако сте го положиле сте морале да волонтирате две години некаде, потоа една година сте го учеле правосудниот испит, сте го полагале во фази или требало да го полагате во фази, согласно постојниот Закон за судови кандидатите треба да имаат пет години работно искуство во правосудни органи за да можат да бидат судии, да конкурираат за судии во основните судови, овде се намалува на две години и на крајот треба да го завршат овој завршен испит.

Дали ќе биде академија, дали ќе биде центар, дали ќе биде институт, апсолутно не е важно, важно е кадрите кои ќе се продуцираат во иднина и оние постојни кадри и судии и обвинители мора да ги минат сите тие фази на сито и решето за да можеме да го постигнеме ефектот кој се бара, квалитетно судство и да го оствариме она што се бара јакнење на независноста и ефикасноста во судството.

Да повторам, секој не може да биде судија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Видете, јас не сум против правосудниот испит, сепак нешто сакам да ви кажам, системот на организирање на високото образование во Македонија сега се усогласува со Болоњската конвенција по систем три плус два. Имам информација дека правните факултети во Македонија оваа година почнуваат да го користат тој систем. Доколку одиме со воа начело три години да завршат и стануваат правник, после две години стануваат магистер по право, треба да го полагаат правосудниот испит, после тоа што рековте вие, потоа да го даде завршниот испит и да го положи. Тоа значи да стане судија треба да поминат најмалку 15 години. Тука е проблемот во суштина, јас не сум против правосудниот испит.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ристова имате три минути право на реплика.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседателе.

Јас се согласувам со генералната поента дека треба да се усогласи нашиот систем и во образованието и во однос на полагањето било на ова академско што е предвидено во законот, било правосуден испит, значи целиот систем да се усогласи и временски и во секој друг поглед. За тоа треба посебно да се дискутира.

Исто така се согласувам со господинот Јашари во делот на тоа дека членот 16 и членот 19 треба да бидат усогласени во смисла на тоа што не може оној кој е директор и оној кој го заменува со полн капацитет во одредени услови на директорот да се предвидуваат различни услови.

Меѓутоа, она што не се согласувам со колегата е во делот на правосудниот испит како услов што е посебно предвиден за замeникот во смисла што посредно и во членот 16 тоа е предвидено за директорот, бидејќи се кажува дека треба да има работен стаж како судија или обвинител, а тој не може да биде тоа без правосуден испит, ниту се согласувам со поентата, тоа е причината зошто се јавувам за реплика, за образованието во нашата земја во однос на правното образование што се бара како услов. Тоа нема врска со

мобилноста на правниците во Европа и Болоњскиот процес.

Во секоја држава, земја членка на Европската унија професијата правосудство секогаш е подложна на специјални лиценци односно секогаш инсистира да се познава правниот систем, да се школувани за правниот систем на државата во која што сакате да практикувате право. Така да има сосема различна употребливост правното обрасование во странство по однос на други видови на професии, давање консултански услуги, академско ниво настава, а кога станува збор за практикување на права во една конкретна земја секоја земја членка на Европската унија си има правила кои што ги штити правното образование и пракса во сопствената земја. Така што сосема е на место да се бара правното образование да биде на унивезитетите односно правните факултети во Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам .

Повелете господине Јашари, една минута.

**Аднан Јашари:** Бидејќи сум член на Советот за акредитација почитувана колешке, со мене го имам и Законот за високо образование, член 192 говори за нострификација. Нострифицираната диплома или студентот кој има завршено студии надвор од Македонија, говорам за правници со нострифицирана диплома ги има сите права и обврски како правник кој има дипломирано на правните факултети во земјава. Во оваа насока правно не можеш да направишниту една разлика.

Јас не знам каде си прочитала, земи го Законот за високо образование вели вака како јас ви велам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа можете надвор да се објасните, бидејќи немаме право на контра реплика.

Има збор госпоѓа Милка Митковска. Повелете имате збор.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на министерствата и почитувани пратеници.

Пред нас се наоѓа предлогот за донесување на закон за Академија за одлука на судии и обвинители.

Морам да кажам дека овој закон навистина предизвика една бурна расправа во Комисијата за политички систем и дека со право се стигна до ваквата бурна дискусија заради тоа што во овој вака предложен Предлог закон има одредени недоследности, иако е првична фаза. Се надеваме дека нашите препораки ќе бидат прифатени од изработувачите на законот на понатмошните фази.

Во секој случај донесувањето на законот за академија за обука на судии и обвинители е неопходен од една страна заради нашата крајна определба за евроинтеграции, како и за усогласување со Европската легислатива, а од друга страна неопходен е и од причините на реформите што се преземаат во правосудството кај нас.

Имајќи во предвид дека нашето досегашно судство беше премногу критикувано како од страна на надворешните фактори, Европски,така и од самата наша внатрешност, одтука и уште една оправданост за донесување на еден ваков закон. Сепак има и одредени забелеќки што ги упатувам на членот 8 од овој закон кој се однесува на Главата-Органи на управување, на Управниот одбор.

Управниот одбор, најпрво неговиот состав, во точката 3 во кој станува збор дека со сочинуваат членови, како што се претседател на органот надлежен за избор на судии, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија и министерот за правда. Ако сите овие четири органи имаат делегирано од своите органи членови во Управниот одбор и самите функционери се членови на Управниот одбор што апсолутно е спротивно на законската регулатива. Колку што е спорен за мене членот 8 точка 3 толку се сомневам во надлежностите на Управниот одбор особено кои ги нагласувам, како што се: именува и разрешува директор и заменик на директорот на Академијата, Што ако директорот на Академијата биде претседателот на Врховниот суд. Овде не е назначено. Тој е член на Управниот одбор, значи може да биде избран и за претседател на Управниот одбор. Во тој случај директорот на Управниот одбор би имал премногу концентрирано функции и многу концентрирана моќ.

Управниот одбор назначува членови на програмски совет, назначува членови на комисија за квалификација и прием на кандидати и на комисијата за завршен испит,утврдува листа на постојани и повремени едукатори, потврдува програма за приемен испит, програма за почетна обука итн. Што сакам да кажам со ова?

Сакам да кажам дека овие надлежности што ги има Управниот одбор се премногу една широка лепеза кои што даваат можност за вршење влијание за самиот избор на кандидатите.врз самиот испит што ќе биде изведуван заради тоа што тие ја назначуваат и комисијата за квалификација и за полагање итн. Значи ако со овој закон се сакало да се обезбеди независно судство јас опростете навистина се сомневам токму поради концентрацијата на надлежностите на управниот одбор и членовите од функционери што се членови на управниот одбор. Токму заради ова имам еден предлог.

Ако се сака со овој закон да се постигнат целите и задачите, а тоа е.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓо. дебатата за нострификацијата можете да ја водите надвор. Овде се дискутира и ве молам да се сослушаме,

**Милка Митковска:** Значи предлагам ако се сака овој закон да ги постигне своите поставени цели и

задачи да оди паралелно со Законот за лустрација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во Собранието пред да пристапиме да го гласаме заклучокот.

Ги повикувам пратениците да влезат во Собранието (16,09 часот)

Ги молам пратениците да влезат во Собранието, треба да гласаме.

Службите да го утврдат бројот.

Службите ги молам сега нека го утврдат бројот.

Десетте минути течат за кворум.

Нека седнат пратениците на своите места, а службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

(некои пратеници влетуваат во салата а некои излегуваат)

Ова е интересна појава , по еден влегува по еден излегува и пак сме на исто.

(молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците. Тие што се надвор да влезат.

Продолжуваме со работа. Сега имаме 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за Академија на обука на судии и обвинители.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за Академија за обука на судии и обвинители, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Влдата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 56 гласале за, 6 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 19. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Нијкој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклукчокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 57 гласале за, 3 воздржани нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1, за додавање на нов став по ставот 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 и за додавање нов став по ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 58 за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 10. - Предлог за донесување на закон за изменување и**

**дополнување на Закон за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Повелете господине Димитров имате збор.

**Ангел Димитров:** Почитуван господин претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

За мене не постои сомневање во оправданоста од донесувањето на овој закон. Исто така многу логични и единствено можни се причините за донесување на овој закон. Иако многу ме лути и ме навредува самата помисла од грбот на даночните обврзници да покриваме загуби на Народната банка и тоа загуби кои се настанати поради нечие самоволие и злоупотреба на службената должност.

Ме чуди исто така, леснотијата со која предлагачот се обидел да ги опише настанатите состојби во Народната банка на Република Македонија. Така предлагачот објаснува какво остварување на функциите на централните банки, како што е одржувањето на ценовната стабилност, или вршењето на улогата на позајмувач во крајна дистанца, не измерно се поврзани со трошоци и вложување во ризични пласмани, кои го намалуваат финансискиот резултат на централните банки. А не ретко, можат да генерираат и загуби. Сето ова изгледа многу убаво и светски објаснето, но се заборава да се каже дека најголемиот дел од една милијарда и 570 милиони денари, колку што изнесуваат вкупните загуби на Народната банка на Република Македонија прикажани во 2004 година, не се настанати ниту поради извршување на функциите на одржување на ценовната стабилност, ниту пак поради функциите на вложување во ризични пласмани, туку се настанати поради незаконски преземени дејствија.

Бидејќи некој од колегите ќе ми замери зошто однапред некој осудуван и зошто ги користам термините на злоупотреба, незаконитост, криминал итн., во продолжение ќе се обидам да ве уверам дека со полно право ги употребувам овие термини.

Прво, ве уверувам дека така наречените потенцијални загуби од побарувањето на Експорт-Импорт банката, која е сега во стечај, во висина од 11,9 милиони долари, т.е. евра ќе станат реални загуби, затоа што имотот на господинот Смиленски, кој ќе биде предмет на продажба во стечајната постапка, ни од далеку не е приближен на побарувањата што ги има Народна банка по основ на овие издадени гаранции.

Како дојде Смиленски до овој имот, знаат сите кои работеле во овие фирми. И беа сведоци на мангупско купување без пари. А како господинот Смиленски располагаше, т.е. стопанисуваше со овие фирми најдобро говорат сликите од кои се згрозуваше целокупната македонска јавност, кога свињите се јадеа меѓу себе во неговите фарми, кога не им беше обезбедена исхрана.

Второ, согласно член 83 од Законот за Народната банка на Република Македонија, Народната банка не може да врши Комерцијални активности, што не се поврзани со остварување на нејзините функции. Народната банка не дава гаранции и други видови обезбедување за обврските на правни и физички лица, освен во сллучаите предвидени во член 52 од Законот за Народни банки. Во членот 52 се укажува дека тоа се само случаите кои се однесуваат на финансирање на обврските на Република Македонија спрема ММФ и кредити и позајмици со рок на достасување до еден ден, без можност за обновување и продолжување.

Јасно е на сите нас дека издадените гаранции од страна на Народната банка на Македонија на овој белосветски бизнисмен така наречен, немаат врска ниту со ММФ, ниту со позајмици со работодавецот рок на доспеани од еден ден. Вистината е дека гаранциите што поранешниот гувернер ги има одобрено се однесуваат за земени кредити на ЛХД банката од Германија, во износ од 12 милиони евра, т.е. долари и кредит за банката на Австрија во износ од 10 милиони долари. Корисниците на овие средства се фирмите на Смиленски, кои никнуваат како печурки, т.е. пререгистрираните тогашни општествени пртпријатија, во кои Смиленски влезе без пари. И тоа "Житокорн", "Алфакорн", "Конагра" и "Продекс", кои наместо средствата од овие земени кредити да ги искористат за развивање на бизнисот и за нови вработувања на веќе напуштените работници во текот на стечаите, ги префрлаат на нерезидентна сметка на фирмата "Ситотрејдинг" од Гибралтар, а понатаму 11,9 милиони долари од оваа сметка се префрлаат на приватна сметка во Никозија. Можеби за некого ова има врска со ММФ и со Светската банка. Можеби некој тоа го смета стопански реформи во Македонија, но факт е дека некој добро се обезбедил за неколку животи.

Трето, некој сака сите овие малверзации да ги прикаже како резултат на непостоењето на независност на Народната банка и дека се резултат на политички влијанија на тогашната Влада врз гувернерот на Народната банка. Такво нешто беше кажувано и на Комисијата за финансии и буџет.

Во член 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија стои: "Народната банка е независна во остварувањето на функциите доверени со овој и со други закони. При остсварувањето на функциите Народната банка и членовите на органите надлежни за донесување на одлуки не бараат и не добиваат инструкции од органите на државната власт и органите на државната управа".

Незнам дали е ова јасно за некој лаик, но сигурен сум дека е прејасно за еден професор на

Економски факултет. Професорот сигорно многу добро знае, дека нашата Централна банка е независна институција. Таа не може да одобрува позајмици или кредити на органите на државната власт, ниту на органите на државната управа. Таа исто така не гарантира за превземените обврски на државните органи и не купува директно нивни должнички инструменти. Па тогаш наваситна е сомнително, како подлегнал професорот на одлуката на Владата на Ѓорѓиевски и на министерот Груевски, за издавање на гаранции на сомнителната Експорт-Импорт банка на Смиленски.

Четврто, Народната банка на Република Македонија, согласно член 32 од законот врши супервизија на банките и штедилниците. Супервизија се врши, посредно преку перманентно вонтеренско следење на документацијата, што банките и тедилниците се должни да доставуваат до Народната банка и нпосредно со теренска контрола во самата банка и штедилница, преку целосна или делумна контрола на работењето на банката и на штедилницата.

Исто така, Народната банка врши надзор и над работењето на субјектите кои, согласно со Законот за банки се сметаат поврзани со банката. Затоа, навистина е нејасно како Народната банка и покрај негативните супервизорски извештаи за состојбата на Експорт-Импорт банката се осмелила да даде гаранција. Можеби и поранешниот минситер за финансии и поранешниот претседател на Владата ова ќе го објаснат пред истражниот судија, но сиротите се непознати и немаат адреса на која би можеле да добијат покана за сведочење.

Петто, јас сум свесен дека законот што ќе го донесеме ќе биде удар врз стандардот на граѓаните на Република Македонија. Наместо овие средства со ребалансот на Буџетот што ни престои да ги пренасочиме во развој, ние ги користиме за покривање на нечии мангуплаци. Дека се работи за големи средства само ќе ви спомнам дека Македонија преговара по пола година со ММФ и Светската банка, ги прифаќаме сите нивниуцени и условувања за аранжман кој е само два пати поголем од гаранциите на Смиленски.

И на крајот, тие средства што ги добиваме во неколку транши во рок од една до две години.

Почитувани пратеници,

Во овој момент е уште позначајно да се завршат судските постапки по кривичните приајви за овој и за останатите големи криминали што се случија во минатото. Завршувањето на овие случаи, но исто така и расчистувањето на разните даночни пирамиди што овие денови се спомнуваат, ќе биде под будното око на меѓународните институции. Од исходот на овие случаи ќе зависи иднината на оваа држава.

Почитувани колеги,

Дали ваквите, безобразни нарушувања на финансискиот систем на државата не значат и нарушување на безбедносната и политичката состојба на државата? Дали на овој начин не се нарушува суверенитетот на земјата за кој што вие, во изминатите неколку дена, толку многу се грижевте и толку многу ни зборувавте?

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Димиторв.

Три минути реплика за господинот Рахиќ Есад.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитуван министре,

Јас го почитувам господинот Ангелов и се согласувам со добар дел од дискусиите во говорот, меѓутоа мене не ми се допаѓа начинот на кој што тој го опишува бизнисменот Смиленски.

Бизнисменот Смиленски е еден чесен транзиционен богаташ кој работи на начин како што работеа повеќе богаташи во Република Македонија, кој успеа да ја олесни касата на Република Македонија и граѓаните на Република Македонија за неколку десетици милијони, меѓутоа имаше несреќа да го фатат, за разлика од многу други.

Тука, не би се согласил само со тој дел од дискусијата. Сметам дека поголем акцент треба да се даде на наивниот гувернер на Народната банка кој уште пред некој ден изјави дека постапката што тој ја направил е нормална за сите народни банки во светот, за да потпираат работење на одредени банки. Истиот тој професор кој десетици милијони долари од сиромашниот и напатен македонски граѓанин ги даде на еден белосветски хохштаплер, па уште му се дава простор на телевизија.

Сметам дека ние, ако сега гласаме, а треба да гласаме бидејки тоа ја осигурува финансиската безбедност на државата, треба еднаш за секогаш со тие бандити и одроди на македонскиот народ и луѓе кои не ја сакаат државата и граѓаните на Република Македонија, еднаш да им се застане на крајот и со судски пресуди, на виситнски начин тие луѓе да одговараат за тие недела или дела што ги направилепротив сопствениот народ.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

Има збор пратеникот Костадинова Емилија.

Повелете госпоѓо Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитуван господин директоре, колеги и колешки пратеници,

На денешната 103 седница имаме Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија со Предлог-закон.

Кратка измена која во суштина се состои само во додавање нов став 4 по ставот 3 во членот 89 од

Законот за Народна банка на Република Македонија. Краток став, би се рекло, што не заслужува посебно внимание и дискусија. Но, почитувани колеги, причините и последиците за прифаќање на ова дополнување на членот 89 бара пошироко елаборирање.

Уште на почетокот сакам да напомнам, како што се изјаснив и на Комисијата за финансирање и буџет, дека сме доведени пред свршен чин, дека Владата и Парламентот, по онаа народна поговорака " Нагоре високо, надолу длабоко" од две зла треба да го избереме помалото. А, помалото зло е неминовноста на денешната седница да го прифатиме надополнувањето на членот 89 од Законот за Народна банка на Република Македонија, со што се овозможува надополнување на општите резерви на Централната банка во износ од 40% од основниот капитал што таа треба да го има.

Не дека сме толку рамнодушни и дека многу лесно ни е да донесеме една таква измена што даночните обврзници ќе ги чини ни помалку ни повеќе туку 500 милијони денари. Но, како што веќе реков, тоа што енарпавено, што е коснтатирано, треба да се санира, да се надохнадат потрошените општи резерви кои во работењето на Централната банка се создаваат на подолг рок и да не се доведува во прашање нејзината функција.

Имено, за што се работи? Уште долго време пред да дојде овој предлог пред нас пратениците се знаеше дека ќе има финансиска афера која ќе го потресе банкарскиот систем. Иако, поставувавме пратенички прашања до поранешниот гувернер на Народната банка на Република Македонија не го добивме вистинскиот одговор. Ни беше одговорено дека е се во ред, се додека не пукна аферата Експорт-Импорт банката и издаваните гаранции од Народната банка на Република Македонија за задолжување пред странски банки. Со нејзиниот стечај и неможноста да се наплатат побарувањата по редовен пат, нечие неодговорно банкарско работење сега ќе го плаќа секој даночен обврзник во Република Македонија и после ќе дискутираме и ќе критикуваме дека Буџетот на Република Македонија нема развојна компонента. Па, како и ќе има кога сега со 500 милијони денари ќе ги покриваме загубите на Централната банка, наместо тие средства да ги намениме за развој. Бидејќи, за да ги дадеме на едно место во овојслучај на Централната банка, треба да скратиме на друго место. А, каде на друго, а ако не на развојот. Затоа што, плати на државните службеници мора да има, социјалата мора да се покрие, пензии мора да се дадат и т.н., да не набројувам се што се покрива од Буџетот. И, што сега да кажеме, освен тоа дека ни е кристално јасно дека не може да ја промениме ситуацијата и дека сме наполно свесни и колку да е непопуларно, сепак, треба д аја извршиме таа измена, односно Владата на Република Македонија да обезбеди средства за надополнување на општите резерви на Народната банка во износ од 40% од нејзинио тосновен капитал. Вршејки ја својата функција како централна банкарска власт, Народната банка на Република Македонија од осамостојувањето на нашата држава во 1992 година, па до денес прва пат искажува загуба во своето работење и тоа по завршната сметка за 2004 година во износ од една милијарда 570 милиони денари. Но, тоа што треба да се објасни и да се свати е дека таа загуба не произлегува од тековното работење во 2004 година, туку е акумулирана во претходните години, пред се, во 2001, 2002, 2003 година, што се согледува од табелата број 1 на страница 3 од даденото образложение во прилог на Предлог законот. Ќе цитирам дел од даденото образложение во прилог на Предлогот за донесување на закон. "Единствената причина за остварената загуба се расходите на име отписи, издвојувањата на посебни резервации за ненаплатеиви и спорни побарувања настанати пред 2004 година во износ од една милијарда 595 милиони денари. За износ од 854 милиони денари загубата е покриена од општите резерви на Народната банка на Република Македонија, со што истите во целост се искористени". Значи, со покривањето на загубата од општите резерви на Народна банка, тие во 2004 година се сведени буквално на нула, што значи избришани. А, да објасниме што велгува во таа сума од една милијарда и 595 милиони денари, што ја сочинува. Во износот од една милијарда и 595 милиони деанри на име расходи за ненаплатени побарувања што ги товарат трошоците на работењето на банката во 2004 година произлегуваат, пред се, од побарувањата на пропаднатата Експорт-Импорт банка во износ од 735 милиони или 46% од сите сомнителни и спорни побарувања искажани во завршната сметка за 2004 година во билансот на Народната банка. Следуваат расходи за дисконтно обврзница од 390 милиони денари, па 120 милиони денари расход за помалку заменети денарски банкноти, па 153 милиони денари за исплата на штедачите на поранешната банка за надворешна трговија, која исто така пропадна. Потоа, следуваат расходи за судски спорови со Комерцијална банка-Скопје и Стопанска банка А.Д-Битола и тоа пак во врска со издадена гаранција на Експорт-Импорт банка, кои што банки сега ја тужат Народна банка за наплата на тие гаранции, на тие свои побарувања и тоа во износ од 99 милиони денари и други расходи да не ги набројувам сите во износ од една милијарда и 595 милиони денари. Тоа значи кога ќе се соберат сумите за кои што Народната банка гарантирала односно се наплатени од нејзината сметка за Експорт-Импорт банката, произлегува дека 834 милиони денари или повеќе од 50% од побарувањата ненаплатени, сомнителни, спорни, како сакате наречете ги, се однесуваат за побарувања од Експорт-Импорт банката.

Сега, она што е наша задача, запознати сопричините и потребата за донесување на оваа измена, тоа и ќе го сториме, однсоно со

префрлање на тие средства од Буџетот на Република Македонија ќе се овозможи непречено остварување на функциите на Централната банка, бидејќи, самата тие резерви не може да ги надокнади во подолг временски период. Во образложението имаме исто така податоци од осамостојувањето до денес како се создавани тие резерви односно дека за тоа е потребен подолг период.

Но, она што мене ме чуди е зошто во годишниот извештај за работењето на Народна банка на Република Македонија за 2004 година што го имаме добиено во текот на месец јуни, кој е доста обемен, со многу анализи, податоци, табели и графикони, нема ниту збор за финансискиот резултат на банката и искажаната загуба во 2004 година, ниту во воведното излагање ниту во текстот на извештајот.

Овој парламентарен состав и претходните извештаи од Народната банка на Република Македонија редовно ги добиваше. Но, истите ниту еднаш не се најдоа на комисиска или собраниска седница и покрај тоа гувернерот на 6 месеци треба да дава извештај пред матичната комисија. Можеби расправата ќе поттикнела некои негативни појави порано да се жигосаат ако не можеле да се спречат и можеби не во контескт на предлогот, но неминовно да се спомне дека главните актери на овој финансиски скандал сеуште се недостапни за делителите на правдата. Ние ни криви ни должни ќе го притиснеме зеленото копче и ќе го донесеме Предлогот за изменување и надополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија. Но, истовремено и ќе потсетиме дека и другите институции треба да си го завршат својот дле од работата. Гласајки за Предлогот не сакаме тоа да стане вообичаена пракса и понатаму да продолжиме да санираме некоја следна загуба на Народната банка произлезена од побарувања од банка која отишла во стечај, а за која Централната банка гарантирала. Сега, алудирам на оваа банка што е моментално во стечај, се знае на која мислам.

Почитувани колеги, и покрај критичкиот осврт во мојата дискусија, мислам дека бев јасна дека ќе гласам позитивно за Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, затоа што како што одговори премиерот на седницата за пратенички прашања, проблемите мора да се решаваат. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Костадинова.

Збор има министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете да кажам неколку зборови во врска со овој закон кој предизвикува интерес заради тоа што,како што кажа и пратеничката Костадинова, со еден член во измените на Законот за Народна банка отвора дебати, дилеми и пробелми кои се многу поголеми од цели закони.

Дозволете без да повторам тоа што е напишано во законот или во образложението или кажано на дебатата, за да има една хронологија.

Народната банка на Република Македонија во текот на оваа година искажа загуба од една милијарда и 570 милиони денари врз основа на активности кои претходеле пред оваа година и најголем дел од износот е заради загуба по издадени гаранции на приватна банка и компании врзани околу таа банка, кои по сите основи не требало да добијат гаранции. Гаранциите се паднати, што значи дека издадените гаранции од страна на Народната банка од 20 милиони долари се ненаплативи и заради тоа банката искажува загуба. Загубата Народната банка ја покри во висина од 854 милиони од сопствените резерви, со штопрв пат во историјата се случи банката да остане со резерви на нула и дополнителна загуба врз тоа уште 720 милиони. Тоа е огромен удар за фианнсискиот систем на Република Македонија, особено за Народната банка за нејзиниот углед, а од донесувањето на овој закон и многу брзо со ребалансот кој во текот на вчерашниот ден или денешниот ви е доставен. И голем удар врз јавната потрошувачка на Република Македонија.

Согласно Законот загубата на Народната банка на Република Македонија се покрива од Буџетот на Република Македонија и тоа е трошок на државата. Владата на Република Македонија во ребалансот на Буџетот кој ви го предложи и кој се надевам до крајот на овој месец ќе го разгледаме на Собранието, предлага Собранието односно Владата предлага, а Собранието одлучува, се разбира, да одвои 500 милиони деанри за директен буџетски трансфер од приходите од оваа година до Народната банка, со што резервите кои од 854 милиони паднаа на нула дирекно ќе ги покрие до нивото од 500 милиони денари и уште 720 милиони во вид на обврзници кои ќе ги издаде Владата на Народната банка, а кои ќе бидат наплаативи, се разбира, со пазарна каматна стапка која во овој момент се движи на обврзниците некаде околу 10 до 11%.

Повторно овие 720 милиони, со рочноста и со прилично висока каматна стапка ќе се наплатат од Буџетот на Република Македонија. И на врвот на тоа уште 300 милиони денари, Народната банка по покривањето на резервите до нивото од 500, ќе остане со помали резерви. Тоа значи дека во наредната година доколку банката покаже добивка од работењето, наместо да ги префрли средствата во буџет како што е уредено со сегашниот закон, во висина од 80%, ќе треба да ја дополни загубата, што значи и во наредната година помалото ниво на резервите ќе има повторно импликации врз јавната потрошувачка во Република Македонија. Тоа е, најсумарно

кажано што се случи во овој, јас би го нарекол мега скандал, во изминатите години.

Меѓутоа, дозволете, како министер кој е задолжен за системот на јавното финансирање и целокупниот финансиски систем на Република Македонија да соопштам уште неколку зборови.

Република Македонија изгуби скоро 1,5 милијарда денари и за тоа во Република Македонија има одговорност.

Дозволете да укажам дека во таква ситуација директна одговорност, по мое длабоко убедување, сносат три личности, кои со оглед на функциите кои во моментот ги извршувале морале да знаат, знаеле и диектно или индиектно донеле одлука која ја оштети Македонија значително, тогашниот премиер, тогашниот гувернер и тогашниот министер за финансии, вклучувајќи и еден круг околу нив кои знаеле, молчеле или премолчно се согласиле со таквата одлука.

Законот за Народна банка на Република Македонија не предвидел ситуација во која е можно резервите на Народна банка на Република Македонија да дојдат на нивото од нула. Токму затоа денес предлагаме закон со кој го уредуваме нормативно настанатиот проблем или настанатата ситуација во која, што ќе се случи ако резервите на Народна банка дојдат на нула, како што се случи сега заради оваа непримерна трансакција на тогашните власти. Тоа мораме да го уредиме и за жал ќе оставиме трага во законите и за идните генерации, што уредуваме нешто што во една нормална, дури и полунормална ситуација не би требало да се уреди, резервите да паднат на нула. Што понатаму?

Веќе најавив, буџетот кој Владата го предложи на Собранието, ќе покрие 1.220.000.000 денари од овие и Народната банка ќе остане со помали резерви кои во идните години наместо да ги префрла како вишоци на Буџетот, ќе ги задржи во сопствените резерви.

Дозволете да кажам неколку претпоставки за одговорноста за овие тројца функционери што во тоа време ја сносат, за времето што постои или што ни доаѓа.

Да тргнеме од претпоставката дека Буџетот на Република Македонија во оваа година се остварува на ниво на предвиденото, со тие приходи и расходи кои Собранието на предлог на Владата ги утврди во декември минатата година. Тоа значи дека во оваа година со ребалансот ќе ви предложевме да намалиме потрошувачка за 1,2 милијарди денари. Само да направам неколку споредби. Тоа е на пример повеќе од дупло од вкупните поттикнувања што РМ ги дава во областа на земјоделството. Што ќе се случеше ако моравме да излеземе со намалување на потрошувачката за да ја покриеме оваа трансакција која доведе до таква загуба во општеството и какви ќе беа вашите реакции кога на сите оние кои добиваат некаков вид трансфер од Буџетот, поттикнувања, плати, социјални давачки, обврски на државата, ќе моравме да им соопштиме дека 1,2 милијарди помалку за оваа година, а притоа да имате предвид дека во расходната страна на Буџетот дури 80% се таканаречени недискрициони трошоци, односно трошоци уредени со закон кои Парламентот и Влдата немаат услов да не ги исплатат, доколку не го сменат законот што уредува, а тоа се стотици закони. Значи, во основа ние ако ги занемариме законите, секоја година во ова Собрание, како и во многу други држави во светот, впрочем, одлучуваме за оние 20% од Буџетот кои не се со закон утврдени, ако е плата, ако е социјална давачка, ако е обврска по кредит, по издадена гаранција, ако се други законски права утврдени, ние само тоа во Буџетот го констатираме, или затоа ги менуваме законите, како и овој денес, за да утврдиме некое ново право, да одземеме некое право, или да извршиме редистрибуција. Значи оваа 1,2 милијарди ќе беа само на 20% за кои ние одлучуваме и тогаш ќе ја видевме целата свирепост на одлуката да се издадат такви гаранции и да се премолчи тоа, да се даде согласност. Уверен сум, впрочем тоа сите го знаеме во Македонија дека тие пари завршија во приватни џебови на граѓани на РМ кои денес тука или надвор од државата ги уживаат плодовите на тие 20 милиони долари. Тогаш, ќе се соочевме со проблемот дека ќе требаше на цели структури на граѓани да им кажеме дека оваа година нивните пари ги нема, ќе ги намалевме или социјалните давачки или платите ќе одеа надолу, или поттикнуваата и трансферите, без разлика дали во земјоделието, дали се во образованието, дали во културата, ќе требаше драстично да ги намалуваме.

Дозволете да ве информирам дека за среќа во оваа несреќа, приходите на централниот буџет во 2005 година ќе бидат повисоки од планираните дури за 2,6 милијарди денари и тоа по два основи, 1,5 милијарда повеќе од проекцијата на дивидендата од Телеком која беше 1,2, а ќе се оствари скоро со 2,7 милијарди денари и уште дополнителна уште 1,1 милијарда денари, или поточно 1,077.000.000 денари повисоки даночни приходи од проектираните што се должи исто така на два факти, на подобрата ефикасност на платата на даноци од страна на органите во состав на Министерството за финансии и на побрзиот раст кој во овие шест месеци го остваруваме, од проектираниот. Се тоа ни дава подобра финансиска позиција и ќе ни овозможи со ребалансот да го покриеме ова и не само тоа, туку да го намалиме и дефицитот на Буџетот па дури и да останат пари кои Владата во ребалансот предлага како да ги распределиме за да поттикнеме дополнителни инвестиции. Меѓутоа, тоа што не смее да го заборавиме е следното: Дека можеше тоа да не се случи, можеше оваа година јавните финансии да ги доведеме во катастрофална ситуација, врз грбот на граѓаните, а во оваа ситуација нема да ги

доведеме, меѓутоа, нема да заборавиме дека некој направил, со овластувањата што овој Парламент им ги дал, уверен сум, на тие личности што ги спомнав, нешто што е спротивно на било каква логика, што е спротивно на љубовта кон сопствената земја и љубовта кон сопствените граѓани.

Почитувани пратеници, на крајот на краиштата ако не се случеше тоа, веќе за дваесетина дена вие наместо да одлучувате, на предлог на Владата се разбира, согласно Законот за буџет, каде да распределите дополнителни 11,5 милиони евра вишок на приходите за оваа година, а ќе ги распределиме во оние намени кои јавно ги соопштивме, ќе одлучувавте уште за дополнителни 20 милиони евра каде да ги лоцираме, дали во земјоделието, дали во социјалните програми, дали во инфраструктурата, дали во плати на некои од службениците на државниот буџет, или другите вработени во државниот буџет. Таа среќа овој пат ќе ја немаме, затоа што тие 20 милиони ќе ни заминат за покривање на нешто за што ниту овој состав на Парламентот, ниту оваа Влада не кумувале, меѓутоа, нешто што граѓаните на РМ ќе треба сериозно да го запамтат, без разлика на тоа што има покренато постапки кои надлежните органи ги водат и кои сега не се во надлежност на Владата и нема да ги коментирам. Меѓутоа можам да го коментирам тоа што се случува. Навистина се случува нешто, а има и други помали или поголеми такви случаи во јавните финансии, за што на никого не може да му служи на чест така да се однесува. Сепак ќе ве замолам да го донесеме законот, да собереме сили, да најдеме и кворум, иако знам дека е на границата затоа што ако овој закон сега не го донесеме, односно до Буџетот, ние немаме основа да го покриеме тоа таму што се случувало. Едноставно никој не предвидел дека е можно тоа да се случи во една држава. Затоа, ве молам, Законот иако оди во правец да покриеме нечие не одговорно однесување, да го донесеме, да создадеме услови Народната банка на РМ да може да води монетарна политика и да ги извршува функциите што со закон и со устав и се дадени на банката, а да повторам дека тоа ќе го направиме врз грбот на граѓаните, без никаква вина од страна на греаѓаните.

**Љупчо Јордановси:** Повелете господине Мавровски, имате реплика три минути.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, почитуван министре. Сето тоа што го слушнавме ќе беше во ред доколку вие и како пратеник во овој Парламент кога дојдовте од изборанта единица 5 а и сега леете крокодилски солзи за некои минати времиња, а она што го ветивте апсолутно ништо не исполнивте. Значи, ако говориме за некои случувања во економијата и за некои кражби кои се случиле во РМ, дали ги заборавивте 140 милиони марки што се земени од Битола и што вие лично им ветивте на тие граѓани дека ќе ги вратите средствата. Но, за жал, еве сега како министер стигнавте тој закон за обештетување на штедачите да го прекинете и сега вие многу лесно да говорите за 1,2 милијарди, притоа заборавајќи на 4,2 милијарди. Кажувате за Телеком дека сте добиле поголема девидента, но како што ги обвинувате премиерот, министерот и незнам кој за претходните загуби, не кажувате за девидентата што ја зедовте сега, кој е тој што треба да биде благодарен што вие сега зедовте повеќе во Буџетот и кажувате дека имате големи наплати.
Од друга страна, тоа што кажувате дека средствата ќе сте ги инвестирале во Министерство за земјоделие, во проекти, во незнам што, вашите министерства веќе неколку години покажуваат дека не знаат да работат со парите кои вие како министер и претходните министри за финансии им ги доделиле и се случува сите министерства да равотат некаде со 60 до 65%. Тука е проблемот господине министре. Ова е навистина проблем, а ако вие имате сознание, како што кажавте и дека сте уверени, јавно кажувате од говорницата, како што кажа Бранко Црвенковски дека ќе го најде октоподот и сите пипци, од тогаш поминаа осум години, не пипци, не глава, ништо не се најде. Сега најавбувате некој комплетно нова даночна пирамида која сигурно не е од вас, сигурно од претходниот премиер. И ако вие знаете каде завршиле рековте сте уверени дека тие средства завршија во приватни џебови, тогаш треба да ве повикаат во Министерството за внартрешни работи и она што знаете дефинитивно да го кажете на органите на прогонот и еднаш да се заврши оваа рашомонијада, затоа што господинот гувернер беше поставен во времето кога вие повторно бевте власт.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Господине Мавровски, уверен сум дека не ви е идејата да ја дефокусирате расправата од главниот проблем за кој денес расправаме и дека со спомнување на разни други проблеми, освен оној кој е на дневен ред денес дека сакате и ме чуди зошто вие лично чувствувате потреба да го заобиколите проблемот за кое расправме, затоа што сум убеден дека од сето она што го зборувате последните две три години во Парламентот, сте еден од оние луѓе кои сакаат да излезаст на крај со овие работи. Сега добивам впечаток дека сакате да ме дефокусирате и мене и Парламентот и дебатата, од темата за која зборуваме. Поставувате реторички прашања кои немаат ниаква основа. На пример едно од прашањата беше врз основа на што се должи дивидендата, а има тука и друго прашање. Што, ако не се продадеше Телеком, дивидендата ќе беше колку што е сега и плус уште 1,1 пати, на пример. И од останатите 53% ќе имавме девиденда. Така што тоа не се соодветни споредби.
Јас го повикувам Парламентот да расправаме за

проблемот кој се наметна. А во врска со тоа зошто ми префрлувате дека претпоставувам и знам дали се прелеале или не во приватни џебови, па затоа што ни една гаранција не е дадена на јавна институција. Сите гаранции се дадени на приватни институции, без разлика дали се банки или претпријатија. Така што, неможеле да завршат на друго место освен во приватни џебови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Повелете господине Стаменков имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Многу е сериозна темата за која зборуваме така што ќе ве молам да им го посветиме нужното влијание.

Се наоѓаме пред закон со кој од Буџетот на Република Македонија треба да земеме уште 1.570.000.000 денари, така што тоа е сериозна тема, бидејќи знаеме тие пари од каде се, тие се од даночните обврзници од граѓаните на РМ. Значи пак ќе бркнеме во џебот на граѓаните, од таму ќе ги земеме и ќе ги покриеме загубите на Народна банка на РМ. Тоа е многу сериозна тема, така што не треба да се смееме на вакви сериозни прашања кои треба да ги дискутираме во Парламентот. Јас зборував и на Комисијата за финансирање и буџет дека ќе го поддржам овој закон и сега во Парламентот ќе го поддржам, ќе гласам за законот, затоа што знам дека државата не може да функционира без Државна банка која ќе го контролира целиот финансиски систм на државата. Така што ние неможеме да дозволиме Народна банка на Република Македонија да отиде во стечај, затоа што ќе се задолжи и нема да може да работи.

Имаме сума која се потенцираше 1.570.000.000 денари. Таа сума стои и во Извештајот кој е даден со Законот. Ја анализирав сумата, анализирав кои се причините за оваа загуба, анализирав и по години како работела Народна банка, бидејќи тоа е даено во извештајот.

Факт е дека Народна банка на Република Македонија до оваа 2005 година, фактички до 2004 година, бидејќи таа сега искажува енормна загуба, а работела со добивка. Тоа е прикажано во графата дека е така, имала постојан раст и на основните средства и на другите, резерви и обратни средства кои треба да ги има. Ние тоа го имаме како документ постои, ако сте прочитале. Сега во 2004 година се појавува еден огромен пад на работењето на Народна банка. Не треба да го занемариме тоа дека е направено во 2004 година, а како е дојдено до тоа, пишува во Извештјот дека е направено по основ на оптисите и некои други гаранции што ги има дадено Народна банка на одредени фирми, еве тоа го кажа и министерот, кои скоро сите се привтни фирми или банки и тие отписи се направени по тој основ.

Јас го прашував министерот, а прашував и на Комисијата, нека ги каже по име и презиме кои се тие приватни лица, кои се тие фирми, кои се тие банки, затоа што вие тука кажувате, најверојтно мисли на Експорт-Импорт банката со 20 милиони долари или 820 милиони денари дека има отпис. Натаму, ако продолжиме до 1.570.000.000 имаме уште 737 милиони денари што не кажавте кои се тие што ја направиле таа загуба. Кажете ги тука пред македонската јавност да слушнеме кои се тие отписи и кој ги земал тие пари, дали е фирма, дали е правно лице, да ги слушнеме. Сите сакаме тоа да го слушнеме и македонската јавност сака да го слушне.

Уште една работа сакам да прашам. Дали од 2002 година наваму откако се смени власта во РМ има фирми или банки или физички лица кои исто така имаат земено гаранции и на кои биле направени отписи во овој период. Сигурен сум дека има, не може да биде се до 2002 година. Или можеби тоа во овој извештај не излегува, ќе излезе во некој извештај 2008 година, кога ќе дојде редот на такви фирми да одат во стечај и ликвидација. Тоа е постојана пракса во оваа држава, едноставно се да се работи преку личните интереси, никој не го гледа општествениот интерес, односно интересот на државата, туку секаде каде што постои можност се прават вакви работи и едноставно работите излегуваат подоцна, затоа што треба време некоја фирма да биде ликвидирана или да отиде во стечај. Факт е дека е така. Јас знам за многу луѓе кои добиле кредити без никакви гаранции, и физички лица и фирми, без разлика, никогаш не се гледало на која партија припаѓаат туку се гледале некои други интереси. Земале луѓето и по милион евра кредити по разни основи, без никакви гаранции да дадат и сите тие не вратиле ни денар од парите, а тоа на крајот паѓа на товар на Комерцијалната банка, или ако има некоја гаранција од Народната банка ќе падне на товар и на Народната банка на Република Македонија.

Вие спомнавте дека дел од парите ќе бидат покриени со обврзници, 10% и 12% годишна камата. Може да се каже дека издавањето на тие обврзници во Република Македонија е многу лоша работа и јас не го поддржувам тоа. Јас сум против таков начин на покривање, бидејќи во овој момент во Република Македонија најдобар бизнис е да се купат обврзници од државата. Никој нема профит од 10% на годишно ниво за било каква инвестиција. Најдобра инвестиција е инвестиција во обврзници во државата и сигурна добивка на 10% - 12% на годишно ниво. Се повеќе луѓе ги инвестираат парите во обврзници, наместо да ги инвестираат во бизниси. Бидете сигурен дека е така и затоа, ако се слушаат последните извештаи, штедењето многу ни е зголемено, многу пари влегле во банките по основ на штедење. Ќе влегуваат се повеќе и можеби ќе бидеме држава по број на жители, ако се споредиме со посиромашните земји, со најголеми штедни влогови. Продолжете со овие обврзници и ќе имаме се поголеми загуби во Народната банка

на Република Македонија и во државата. Тоа е лоша финансиска политика во државата, лошо се води државата. Факт е дека е така, затоа што не само што влијаеме да немаме развој на стопанството, со што ги спречуваме инвестициите, туку даваме и огромни камати кои се изплатуваат во крајна основа од Буџетот на Република Македонија. Тоа се работи кои доведуваат до тоа да имаме 400 илјади невработени, да имаме сиромаштија. Сите тие си имаат свое влијание и она што го предложив да ги укинеме царините за машините и опремата, било каква да е и од било кој ресор, изгледа не се разбираме или не сакаме да се разбереме дека тие приходи од царините се толку мали, а она што ќе се врати од инвестицијата по основ на ДДВ и по основ на придонеси од вработените е многу поголемо и многу позначајно за Република Македонија. Никој не сака да разбере или е во некои бизнис релации, па не сака да ги наруши.

Бидејќи гледам едно расположение кај дел од пратениците на владеачката коалиција, но не кај сите, дека сега излегува криминалот на некоја претходна гарнитура, не треба да се радувате што е тоа така туку треба сите да жалиме што навистина ова се случува во Република Македонија, бидејќи тоа ќе го плаќаме сите ние, граѓаните на Република Македонија и нашите деца и внуци. Со секој ден понатаму стануваме се посиромашна земја и во еден момент можеби ќе се доведеме во состојба кога ќе бидеме држава во стечај, со таков финансиски систем, бидејќи се поблиску е тој ден кога стопанството нема да може да си ги плаќа обврските кон државата. Во овој момент имаме 20-30 илјади фирми што не можат да си ги платат придонесите. Зборувам за мали фирми, со еден или двајца вработени и со овие давачки, на начинот на кој што работиме се повеќе ги осиромашуваме наместо да ги развиваме тие мали фирми.

Се спомнаа и пирамиди, се спомна и ДДВ, јас не сакам да зборувам на таа тема. Ја слушав изјавата на министерот кога на телевизија кажа за еден од начините на кој начин фирмите можат да земат пари од државата преку уништување на фирмите и технолошки вишок, јас го поддржувам тоа, само треба да се работи на тоа, бидејќи навистина има такви луѓе кои прават огромни загуби на Буџетот, односно земаат од државата на тој начин. Затоа, треба сериозно да им се пријде на нив. Јас зборував дека бруто националниот доход на Република Македонија ќе биде многу поголем ако ние си ја средиме работата вообласта на економијата. Кога велам економијата мислам на целиот тој сегмент, и финансии и производство. Само да си ги прибереме парите, ќе видите дека ние сме многу побогата земја и ќе имаме можеби два пати поголем буџет. Но ова е само декларативно, не видов ништо во изминатите три години да се прави во таа насока. Еве, од 2002 година наваму ништо нема изменето, односно има селективна примена на законите и кога ќе дојдат избори се оди таму каде што таа фирма не е од партијата...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, сега вратете се малку на закнот.

**Ванчо Стаменков:** Така ги тераме законите, ќе си ги толкуваме како ни одговара и според личноста. Само толкување на закони имаме, не ги читаме, туку само ги толкуваме. Еднаш засекогаш треба да сфатиме дека ние сме рпавна држава и имаме закони кои треба да ги спроведуваме, а не да ги толкуваме. Треба стрикно да ги почитуваме или спроведуваме, без импровизации и без селективност, ако сакаме да направиме држава. Ако сакаме да ни мине времето и само да се каже со некоја декларативна изјава дека некој направил криминал, а сега тој криминал ќе не уништи, ќе ни направи огромни загуби и затоа не можеме да работиме и сл., за да се добијат некои поени кај гласачите, тоа не доведува до подобрување на состојбата во државата, до подобрување на стандардот на граѓаните. Треба да се работи и да се работи според законите кои владеат во Република Македонија, според позитивните законски прописи на целата територија на Република Македонија, без разлика некој е припадник на некоја политичка партија, на некоја етничка заедница или е припадник на Македонскиот народ. Само така можеме да имаме резултати и само така можеме да одиме напред.

Уште еднаш ќе го замолам министерот, ако навистина има податоци за тоа што го спомна на почеток кои се тие што ги направиле овие загуби и како ги направиле да ни ги каже овде во Парламентот и македонската јавност да ги слушне. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стаменков.

Госпоѓо Костадинова, имате реплика?

Повелете господине министре, сега забележав, имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

На три прашања од господинот Стаменков сакам да одговорам директно.

Првото прашање е дали после 2002 година Владата прибегнувала кон ваков вид активности, одговорот е не и нема никаква намера Владата да издава гаранција од државните резерви, освен гаранции за заеми кои ги зема Република Македонија, за кои Владата доаѓа во Собранието со закон за да се издаде гаранција. Тоа е нормална процедура во секоја држава. Инаку, за вакви потфати ниту издавала ниту има намера да издава, барем додека оваа Влада, или на крајот на краиштата овој министер за финансии раководат со јавните финансии.

Второ е кои се другите ризидуали од загубата на Народната банка. Имаме доставено образложение, таму ги пишува сите, не мораме да ги повторуваме, достапни се и на македонската јавност, тоа не е затворен документ. А доколку се потребни детали, со оглед дека загубата штом ја искаже Народната банка ние сме по закон должни да ја покриеме. Зашто искажала загуба, по кои основи, зошто Советот на Народната банка тоа го

направил и гувернерот, јас ќе ве замолам и гувернерот и Советот на Народната банка се функционери односно институции избрани од овој Парламент, можете слободно да ги повикате и да расправате. Колку се сеќавам пратеничката Емилија Костадинова во текот на дискусијата покрена едно многу интересно прашање, а тоа е дека за овој проблем пратеник на Парламентот на Република Македонија постави пратеничко прашање, јас дури не се сеќавам, мислам дека во тој момент бев претседател на Собранието или можеби веќе не. Во врска со ова одговорот што беше даден во тој момент не кореспондира со стварноста што после се воспостави, а беше даден одговор од страна на Народната банка дека тоа нема да влијае на позициите и билансите на Народната банка, официјален одговор на Собранието од страна на властите на Народната банка на Република Македонија. Јас лично сметам дека тоа исто така не би требало да биде дозволено. Никогаш во животот како министер не би си дозволил на прашање, без разлика дали од пратеник на позиција или опозиција или можам да го избегнам одговорот ако сметам дека е непријатен, меѓутоа, никогаш нема да дадам погрешен одговор, свесно да дадам одговор кој е различен од реалноста со цел да го задскријам фактот. Госпоѓата Костадинова тоа го потенцира, не видов дека имаше ехо таа сериозна реченица која остана и еве јас би сакал да ја потенцирам.

И третото прашање во врска со обврзниците, вие отворивте сега едно прашање кое не е на дневен ред, инаку, јас лично како министер сум животно заинтересиран за таа работа да расправа Парламентот, кога тогаш. Ако не Парламентот, барем Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа да расправаме на начин кој ќе доликува на расправа, да можеме како што и господинот Стаменков има аргументи и контра аргументи, со некои можеме да се согласиме, со некои не се разбира, да расправаме зошто Македонија сега е доведена во позиција со обврзници да ги билда или да ги зголемува каматните стапки. Одговорот е прилично едноставен. Прво, политиката на каматните стапки директно произлегува од нивото на девизните резерви на Република Македонија. Што помали девизни резерви толку поголеми ликвидносни повлекувања мора да оствари монетарната и фискалната политика. Во овој случај ние ја координираме политиката меѓу монетарната и фискалната власт, затоа што ќе ги загрозиме дополнително девизните резерви. Зошто се девизните резерви толку битни исто би можело да биде полчасовно излагање од моја страна и додека ние не ги доведеме резервите на ниво кое ќе ни обезбеди сигурност на надворешните трансакции на Република Македонија и нема да бидат загрозени постојано девизните резерви, ние ќе имаме високи каматни стапки. Со цел да го олесниме притисокот врз девизните резерви од денарските ликвидни средства на банкарскиот систем. Зошто е тоа креирано исто така е прашање, затоа што уверен сум во тоа дека во најголем дел зголемената ликвидност со која мака мачиме е креирана во услови кога огромна девизна ликвидност на државата од продажбата на ТЕЛЕКОМ, што беше еднократно во тоа време околу 350 милиони евра, беше вбризгано и веднаш наместо со него да се користи за отплати кои се надворешни, намалување на долгот и тн. најчесто се користи за внатрешни цели. Со таков механизам Народната банка ги откупува девизните позиции на државата и емитува ликвидност, а тие се исплатија за намени со кои јас и тогаш и сега целосно не се согласувам, за проекти лево или десно за кои знаеме сите денес дека немаат никаков ефект. Таа вбризгана денарска ликвидност долго ќе мора да ја повлекуваме со високи каматни стапки, за да бидат атрактивни банките и другите клиенти, да не се поведуваат кон девизните резерви за да ги обезбедат своите ликвидни денари, туку да ги направиме атрактивни со каматните стапки. Впрочем, еден резултат од тоа се благајничките записи од Народната банка, кои во моментот се 10% и јас ве уверувам дека и понатаму ќе имаме сериозна мака на фискалната и монетарната политика за да ги одржуваме тие 10% и како резултат на тоа автоматски трезорските записи, обврзници кои ги емитува Министерството за финансии, не можат никако да паднат под 10% затоа што ќе бидат неконкурентни во однос на Народната банка, никој нема да ги повлекува, ќе останат ликвидносни во економијата и повторно ќе се вратат на девизните резерви кои се наша слаба точка традиционално. Впрочем и затоа сега фискалната и монетарната политика се такви за да и овозможат нормална работа на македонската економија на макро план.

И вториот аргумент, за кој исто така сум уверен дека е направена историска грешка и за разлика од минатата дискусија за законот, кога го критикував претходниот министер за финансии, овој пат не го критикував, меѓутоа сум уверен дека не со зла намера е донесена погрешна политичка процена во 1999 година е издадена обврзница на Република Македонија за продажба на Стопанска банка тогашна на грчка банка на фантастични 250 милиони тогашни марки, а банката е продадена за стотина милиони марки на Националната банка на Грција. Сега таа банка постојано повлекува со се камата обврзница во висина од 250 милиони денари од државата, која има и камата и која доспева во рокови кои се неумоливи. Со оглед дека нон стоп доспеваат обврзници, ние имаме две алтернативи на економската политика: или да ги отплаќаме со емисија на нови обврзници и да ја плаќаме цената на тоа, цената на капиталот е камата, господинот Стаменков тоа го знае, или да го отплаќаме од приливите на државата. Ако го отплаќаме од приливите на државата, тогаш мора однапред да знаеме дека на 100 денари даночни приходи 10-15 ќе отплаќаме стари обврзници. Ние сега се обидуваме собраните приходи да ги имаме како расходи на Буџетот, за кои постојано по ребалансите дебатирате, треба плати, треба ова, треба она, треба поттикнување на земјоделството

и инвестиции, сите ние, не само вие туку и ние, и јас. Од друга страна, ако го намалиме тоа ќе ги отплаќаме, меѓутоа, тоа ќе биде удар на јавната потрошувачка исто толку ригиден како и овој.

Вториот проблем е што во тоа време 1999-2002 година централната власт и на централниот буџет и на другите централни финансиски институции, пред се фондови, креирала дефицит. Дефицитот по дефиниција е задолжување, кога трошите 110 во една година, а имате приходи во годината од 100, имате дефицит кој го финансирање со задолжување, дали е со неплатени обврски, дали е со обврзници, дали е со повлекување на девизни позиции, вие повлекувате нешто што не сте го креирале во таа година. Тоа е задолжување. Ние имаме години со фантастичен дефицит, 2001 година на пример. Ајде би разговарал дека заради други политички проблеми дел од дефицитот е креиран, меѓутоа, 2002 година нема никакво оправдување да имаме дефицит на централната власт од 6%. Не е од приходите на Буџетот, дефицит од 6% од бруто домашниот производ, а јавната потрошувачка на централниот буџет во Македонија е 22% од бруто домашниот производ. На 22% собрани средства ние сме потрошиле плус 6 процентни поени. Тоа не може да го издржи ниедна економија, освен дополнително да се задолжува. Тие задолжувања сега се враќаат и ние мораме да ги враќаме, дел, и со издавање нови обврзници, а цената за тоа е неумолива. Друго е повлекување на јавна потрошувачка радикално надолу. Тоа нема да го издржиме.

Третата работа за која исто мислам дека - јас бев тогаш пратеник - се направи лоша пресметка е што сите обврзници на Република Македонија што се издаваа структурно, девизно штедење, денационализација и тн., прво се издаваа на кратки рокови, 10 години, само девизното штедење од 550 милиони евра, сега во евра ги претворам, инаку над милијарда марки во тоа време, на 10 години, со 2% камата, ќе речете релативно мала, меѓутоа само каматата е 11 милиони евра годишен трошок на државата на тој долг од 550 милиони евра, за да сервисира со 2% и дополнително на тоа деноминирани во евра.

Сега можете да замислите кои се алтернативите на економската политика во Македонија и на политиката на курсот кога ние имаме обврзници по разни основи и за денационализација и за старото девозно штедење и други издадени од државата кои се деноминирани во евра. Што значи дека сега се 61 денар, кога денарот би отишол на 71 обврзницата автоматски се прилагодува на 71 повторно со 2%. Значи, и на тие 10 дополнителни денари 2%. Тоа е страшен удар на јавните финансии кое Република Македонија може да го издржи, за да не се сватиме погрешно. Меѓутоа, за да го издржи ќе мора да има висока цена на каматните стапки со цел да ги повлекува и ликвидносните и уште неколку помали фактори кои не ги спомнав, овие се 3,4 крупни. Мора високи каматни стапки да одржува за да ја повлекува ликвидноста, мора да се сервисира долгот, затоа што јас како министер немам намера кога ќе пристигне обврска на Република Македонија кон странство, или дома, обврзница, или друга, ниту еден ден да задоцнам Ние имаме денови во кои доспеваат обврзници во висина од 2 милијарди денари, 1 април за издадени структурни обврзници. Јас веќе трета година и мои претходници немам никаква намера да кажам дека на 1 април можеме да исплатиме милијарда и двеста, па за 5,6 дена уште 800, затоа што тоа е најнесугурната држава на свет во тој случај се огласува дека нема ликвидност. Ликвидноста мораме да ја одржуваме на високо ниво, да ги сервисираме обврските, тоа значи дека ќе имаме фискална политика која е прилично рестриктивна. Затоа што дополнителна агресивна фискална политика на ваквата ситуација ќе создава нов долг особено на домашниот долг кој е сега структурни обврзници кои ние мораме нон стоп на некој вид да го вршиме како репрограм со трезорските записи од пред извесно време и со едногодишни записи, а многу брзо до крајот на годината кога го носевме буџетот тоа го соопштив и со повеќе годишни обврзници за што понудивме и закони и работиме со цел да ја одржиме финансиската и фискалната позиција на Република Македонија стабилна. Во вакви услови ние ја одржуваме. Тоа има цена. Тоа е најкраткото што можеме да го дебатираме, се разбира можеме и подолго, зошто каматните стапки се такви и зошто ние сме принудени нив да ги прифатиме. А топењето на девизните резерви има едно правило дека тие ако почнат да се топат кривата надоле води кон нула. Македонија е микросвет. Ние разменуваме со странство годишно над 100% од бруто домашниот производ. Значи, ако бруто домашниот производ ни е 100 во било која парична единица, ние прометот со странство увозно-извозни трансакции на стоки и услуги без финансиските трансакции капитални, кредитни итн, ни е 102. Замислете таква економија да нема сигурни девизни резерви кои во секој момент извозно-увозните зделки можат да ги гарантираат, но стопанствениците ќе сакаат да увезат, ќе сакаат да купат репроматеријал за да произведуваат итн. Тоа води кон колапс без исклучок. Затоа ние го одржуваме тоа ниво. Не треба да се свати оваа дискусија дека ние тоа го загрозуваме. Меѓутоа, одржувањето чини, има цена. Цената е рестриктивна фискална политика, високи каматни стапки на повлекување на обврзниците и ако многу брзо не почнеме да ја намалуваме јавната потрошувачка а која има тенденција на ширење, прво има економска тенденција и второ има политичка тенденција. На пример, типична политичка тенденција е дека во Македонија дневно има штрајкови на луѓе кои имаат потреба само од јавна потрошувачка а не од други средства и кои добиваат масовна подршка помеѓу сите политички фактори во Република Македонија, помеѓу медиумите и автоматски општата јавност. Тоа ја зголемува потрошувачката наместо да одиме во насока на

намалување. Колку повеќе ја зголемуваме, толку поголем притисок на каматните стапки, толку порестриктивна фискална политика, толку помалку можности. И затоа јас сум спремен дури и храбро да изјавам дека јас дури кога би бил опозиција би подржал влада и министер за финансии со рестриктивна фискална политика и со почеток на размислување за драстично намалување на јавната потрошувачка во Република Македонија секаде каде што е тоа можно, а ако се има план е можно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Господинот Стаменков постави неколку прашања, беше доста екстензивно одговорено. Во секој случај ние можеме да отвориме дебата по сите овие прашања. Секој пратеник може да поднесе информација, дури и Владата може да поднесе информација ако треба, да отвориме расправа во Парламентот.

Господине Стаменков, вие имате коментар краток, една минута.

**Ванчо Стаменков:** Само накратко да кажам дека крајно време е по овие теми и другите теми од областа на економијата да се отворат во овој Парламенти отворено да зборуваме транспарентно за нив. Затоа што ние зборуваме само за некои права, или не знам какви други теми од политиката, или од другата свера на живеење. Инаку, вака како што сме ја фатиле работава ќе завршат овие 4 години, од економија ниту буквата "е" не ја спомнавме во Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави госпоѓа Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Реплицирам баш во делот на реченицата што господинот Стаменков ја употреби и рече: да се кажат сите отписи што се над износот од 834 милиони денари. Еве, јас по втор пат ќе повторам, бидејќи сумите, цифрите јас ги напомнав во мојата дискусија, не реков само две. Инаку, сите се наброени во образложението. Очигледно господинот Стаменков не го прочитал и не ги собрал. Тие се само 7 цифри и тоа 735 милиони расходи за ненаплатени побарувања од Експорт-Импорт банката заедно со оние 99 милиони повторно за Експорт-Импорт банката побаруваат Стопанска банка Битола и Комиерцијална банка Скопје, значи што ги сочинуваат тие 834.390 милиони дисконтна обврзница по селективни кредити, 120 милиони расходи на име отпис за замена на денарски банкноти, 153 милиони исплата на штедни влогови за исто така банката која оди во стечај за надворешна трговија, потоа 63 милиони денари резервации за судски спорови со Вардар и Кјуби Македонија и 35 милиони денари. Во тие 35 има повеќе ставки, отпис на резервации за повеќе намени, за АКА банка која исто така отиде во стечај, побарувања за платени такси за судски процеси и аванси за стечајни постапки, бидејќи однапред за водење на судска постапка и за стечајно рочиште се плаќаат таксите, без разлика на исходот дали ќе се наплатат побарувањата или не, или ќе се признаат или не. Значи сето тоа ако се собере 7 цифри го дава износот од 1 милијарда 595 милиони денари. Тоа е еден дел што господинет Стаменков го искажа дека не му е јасно од што произлегува и инсистираше да се каже. Исто така тој рече една реченица дека пратениците од власта не треба да се радуваат. Па ние воопшто рековме дека не се радуваме, ние во нашите дискусии воопшто не беа радосни, туку искажуваа загриженост и пред се барање одговорност за оние што така лесно располагале со народните пари и што сега фактички ние треба да го гаснеме огнот Господинот Стаменков исто така знае, бидејќи учествуваме во работа на иста Комисија со каква жестина се залагаме кога се донесува буџетот, или кога се врши ребаланс на буџетот да се издвојат повеќе средства за развој и за капитални инвестиции. И колку ќе бевме сега радосни кога со тие средства од дивидендата од Телекомот ќе можевме така покомотно да располагаме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, имате една минута.

**Владо Стаменков:** Јас мислам дека колешката не ја прашав ништо. Јас го прашав министерот да ги каже по име и презиме кои се тие, еве како што ги спомна колешката 390 милиони денари посебно селективни кредити. Да ги видиме кои се тие луѓе што земале кредити. Колешката ништо ново не ни кажа, тоа го пишува.

**Љупчо Јордановски:** За реплилка се јави господинот Ангел Димитров. Три минути, повелете.

**Ангел Димитров:** Јас сум сигурен дека и на господинот Стаменков му е многу јасно ова што го прашива. Дури и ова сега во контра репликата на госпоѓата Емилија прашува кои се тоа. Министерот ви одговори многу јасно, дека 390 милиони е дисконт на обврзниците кои се издадени од тогашната Агенција за санација на банки во 1995 година при санација на Стопанска банка пред да се продаде на грчката Национална банка. За ова другото мислам дека госпоѓата Емилија ви објасни се до ситница. Викате дека во 2004 година станала загубата на Народна банка. Сакате да кажете дека овој гуверенер ја направил таа загуба. Мислам дека ви е многу јасно, во 2004 година банката на Австрија ја известува нашата Народна банка дека своите побарувања од 9,16 милиони долари ќе ги наплати преку депозитот што Народна на Македонија го има дадено како гаранција. Мислам дека тоа е сосема јасно. На крајот на краиштата сите дневни и неделни списанија во Македонија ова многу добро го објаснуваа кога МВР покрена кривична пријава против тогашните сторители на ваквите кривични дела. Таму се наброени точно и банките кои ги земале овие кредити. Јас ги спомнав тоа е банката на Австрија и банката од Германија. Ако и тоа не ви е јасно, ќе ве упатам да го прочитате весникот "Капитал" од 9 септември 2004 година кој носи наслов: "Каде се најпознатиот банкар и најпознатиот свињар" и ќе видите точно како се

парите украдени. И на крајот главниот и одговорен уредник на весникот "Капитал" господинот Љупчо Зиков поставува вакво прашање кое е одговор на ова ,како нашата јавност мисли за ваквите криминални дела. Цитирам "не е ли тоа доволно за во затвор". Во Народна Република Кина за вакви дела ги стрелаат, а во Иран и во Пакистан јавно ги бесат и тоа го даваат на телевизија. Така јавноста мисли за таквите случаи.

**Љупчо Јордановски:** Не сме до таму стигнати и не треба да стигнеме до таму.

Повелете , господине Стаменков една минута.

**Владо Стаменков:** Колегата читаше и весници. Сметам дека е несериозно да се читаат весници во Собранието. Весниците сигурно не се меродавни како што е меродавен министерот за финансии на кој што му се достапни сите документи во државата. Прво, да се разбереме, јас никого не сум бранел во мојата дискусија, туку реков дури и тие повеќето што ги има што направиле нешто, да ги видиме кои се.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, во овие 6 минути ќе се обидам и јас да прокоментирам нешто што неколку пати во овие три години сум го зборувал во ова Собрание. И овој предлог на закон е една типична сензација кога од 2002 година коалицијата за Македонија заедно, заедно со ДУИ дојдоа на власт во Република Македонија.

Прво, впечатокот во медиумите по повод овој закон беше следниот. Пратениците дошле до генијална идеја како да ги покријат дупките што ги направил некој друг. Значи, не се битни причините не е битно тоа Што министерот за финансии Никола Груевски дал гаранции од 20 милиони долари во тоа време. Тоа не е битно, туку е битно затоа што некој сега се обидува таа дупка да ја реши. За жал, тоа мора да оди по грбот на граѓаните, нема друга метода. Втора слика што исто ја зборувам три години секогаш кога има економски теми министерот за финансии поранешен Груевски го нема во оваа сала. А секогаш го има кога зборуваме за меѓуетнички теми, кога зборуваме за веронаука и не дај боже кога ќе треба да зборуваме за името, затоа што некој мисли дека името може некој да ни го земе. Секогаш овие теми не биле причина самонаречениот лидер на опозицијата да биде тука, туку вчера слушавме час по веронаука, не учеше што е добро, што е зло. На овие прашања треба да одговори зошто дал гаранција од 20 милиони долари и тука треба да биде присутен и да дебатира со неговиот соперник, условно кажано актуелниот министер за финансии. И затоа не треба декларативно да каже господинот Андов дека сите сакаме да одиме во Европа. Не, ќе кажеме дека сме за во Европа кога ќе се бориме јавно тука сите и опозиција и позиција против корупцијата, против криминалот, против се она што се случувало во периодот од 1998 до 2002 година. За жал, но за среќа за граѓаните на Република Македонија можеби СДСМ се одлучи да ги дели независно извршната, судската и законодавната власт, несакајќи да се меша во судската власт остави работите да течат онака како што мислат дека некој треба најубаво да ги направи. Но, за жал, неефикасноста во голем дел од судството му се враќа на репер на рејтингот на СДСМ и ние таа одговорност ќе ја понесеме. И затоа се обидуваме со постојани законски предлози и реформи во судскиот систем тоа да го направиме, бидејќи гледаме дека работите не одат така. Впечатокот е дека не се бараат причините, туку како ќе се решат последиците. И затоа ние можеме декларативно пред странците да кажеме дека сме во Европа, но на клучните критериуми имплементација на Охридскиот Рамковен договор и борба против корупција и криминал мора сите заеднички да настапуваме. И што останува сега. Повторно ќе остане една исклучително инспиративна дискусија на министерот со многу факти без да најдеме контра аргумент од страна на опозицијата, повторно ќе ги чекаат медиумите да се појават теми од меѓуетничките односи како што утре ќе следи, или задутре кога ќе продолжи седницата на која што ќе се дискутира за употребата на знамињата. Но, граѓаните на Република Македонија знаат дека суверенитето на државата се загрозува кога некој така олако ќе се одрече од 20 милиони долари, или ќе може да ги прераспредели во некои други фондови, или ќе му ги даде на приватна фирма како гаранција, или ќе ги отпише, или не знам уште што не какви афери гледавме од 1998 до 2002 година, можат да купуваат куќи и за еден ден да ги префрлуваат во Катастар да ги завршуваат работите. Така ќе се сложите сите дека ниту можеме да бидеме конструктивни во работите, така ниту можеме да и помогнеме на Република Македонија на патот за Европската унија и така ќе останеме заблудени во своите партиски идеологии без да ја видиме реалноста во државата. Јас сум уверен дека има граѓани во Република Македонија што ги ценат сите овие напори што се прават и зошто мора да се водат некои рестриктивни политики, како што рече министерот некои работи чинат, или некои работи коштаат. Некои работи не можат ниту да се поправат, но се убедуваме тоа да го направиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Макрадули.

За репликите следниот пат. Дополнително ќе бидете известени кога ќе продолжи седницата. Утре продолжуваме со 101-та седница со расправа по амандманите за Законот за употреба на знамиња.

(седницата прекина во 18,00 часот)